**ЈДГ "8 МАРТ"-НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ВО ГРАД СКОПЈЕ**
**лоциран на ул."Сава Ковачевиќ"бб тел 389 2.2779-229 и faks 389 2 2775-335**
www.jdg-8mart-skopje.org.mk

**Бр . 01-646/1**
**од 05.09. 2011 год.**
**С к о п ј е**

# Г О Д И Ш Е Н И З В Е Ш Т А Ј
за работата ЈДГ “8 МАРТ” - на општина
Кисела Вода во Град Скопје
за 2010/2011 година

Скопје, Јуни 2010 / Септември 2011 год.

## 1. ВОВЕД

Воспитно - образовната и згрижувачката дејност во Јавната детска градинка “8 Март” – на општина Кисела Вода во Град Скопје, како дел од целокупниот воспитно - образовен систем, во текот на 2010/2011 година се реализираше одговорно и совесно преку соодветно планирање, програмирање, евидентирање и евалуирање на работата. Нејзините резултати прегледно ќе бидат изложени во натамошниот текст на извештајот.

Својата работа ЈДГ ја засноваше на почитување на законските, статутарните и програмските регулативи, како и најновите педагошко - психолошки сознанија. Основната дејност - згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст се остваруваше преку: згрижување, престој , нега, исхрана, воспитание, образование, спортско - рекреативни, културно - забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето,создавање на поквалитетни услови за престој на деца од 8 месечна до 5,8 годишна возраст, односно, до вклучување во основно образование - деветолетка. За таа цел, во текот на изминатата година, само како ориентир се користеше Програмата за воспитно - образовна дејност во предучилишното воспитание и образование, издадена во 1982 година, која сепак од објективно познати причини( унапредување во работата на професионален, програмски и планот за реализација ), во многу аспекти секојдневната педагошка работа во установата постојано истата се надминуваше како во квалитативен така и во квантитативен аспект.

Воспитно - образовната дејност се реализираше според програмата “Чекор по чекор” на Институтот Отворено Општество – Македонија и здружението на граѓани “Чекор по чекор”, а одобрена од Бирото за развој на образованието на РМ.

Програмските задачи кои градинката ги остваруваше во изминатата година беа усогласени со потребите на предучилишното воспитание и образование и неговото воспитно - образовно дејствување, со психо-физичкиот развој на децата, индивидуалните и возрасни можности и особености на децата, како и со потребите и барањата на семејството.

## 2. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА

Појдовни основи за организирање на дејноста-работа на ЈДГ“8 Март”на општина Кисела Вода во град - Скопје, се:

- член 59 од Законот за заштита на децата (Сл.весник на РМ 98/2000);
- Основи на програмата за воспитно – образовна работа со деца од предучилишна возраст;
- Програмата за предучилишно воспитание и образование на деца до 5,8 год. - годишна возраст “Чекор по чекор” на Институтот отворено општество - Македонија;
- Воспитно образовната методологија за деца од раѓање до 3 години (Програма “Чекор по чекор” - за јасли);
- Програма за предучилишно воспитание и образование за деца со посебни потреби “Чекор по чекор”;
- Концептот “Граѓанско образование” на Бирото за развој на образованието и ЦРС (Католички служби за помош);
- Условите што ги обезбедува детската градинка за реализирање на целите, задачите и програмските содржини;
- Позитивните искуства и резултати што ги постигнала ЈДГ “8 Март” - Скопје, во повеќегодишниот период на плодна згрижувачко - воспитна и образовна активност;
- Најновите педагошко - психолошки научни сознанија за детските развојни и интелектуални потенцијали;
- Педагошко - психолошка литература за развојот на детето до поаѓање во училиште.

Добро организирано воспитание и образование на децата од предучилишна возраст преставува концепт кој треба да биде заснован на добри и јасно прецизирани принципи од причина што овој сегмент од детското воспитание и образование е од голем општествен интерес.

Оттаму ,сé е насочено кон подобрување на условите за практична апликација на хуманистичкиот-педагошко-психолошки правец, кој е во функција на развој на хумана, креативна, слободна и творечка личност.

Имајќи ги предвид практичните согледувања од досегашната примена на повеќе иновативни воспитно-образовни елементи и програмски остварувања на тоа поле, во ЈДГ, во текот на 2010/2011 година примарно се реализираа , или се отпочна со реализација , на стратегии и педагошки акции, сé во насока на создавање и градење на институција во рамките на која децата ќе престојуваат безгрижно, удобно, ќе растат и ќе се развиваат во вистински личности кои ќе се карактеризираат со безброј позитивни особини.Кога станува збор за апликација на хуманистичко-педагошко-психолошкиот правец во работата на нашата установа тоа со други зборови би значело дека голем акцент се посвети на издигнување на личноста на детето на централно место во живеењето на едно семејство и во работата на предучилишната установа

Имено , изминатата учебна година целокупната работа се темелеше на:

- **Континуирано продолжи процесот на прифаќање на максимално дозволена бројка на деца од сите возрасти за што максимална енергија, напори и ангажмани се вложија во :**
    - Опремување на простории(занимални) со нова дидактичка опрема сé во насока на создавање на максимално добри услови за престој на децата;
    - Осмислување на критериуми за упис на деца во градинка според кои комисијата за упис на деца во екстремни услови(заради пребукираност на групите и објектите, како и заради преголемиот

интерес за упис на деца во градинка) ќе врши бодување и рангирање на истите;

- Оформување на нови воспитно- образовни групи од различна возраст(јаслени и групи градинка);
- Во соработка со Градоначалникот на општина Кисела Вода, Г.ин Марјан Ѓорчев, како и Секторот за образование, предучилишно воспитување , култура и спорт се обезбедија средства за континуирано финансирање на лица кои преку АПВ "Контакт бизнис" се ангажирани за работа во постоечките воспитни групи како привремено ангажирани лица;
- Во континуитет продолжи ангажирањето на стручно оспособен кадар( педагог(во редовен работен однос), психолог и дефектолог(привремено ангажирани), со што се направија големи напори преку општина Кисела Вода да се продолжи со нивно финасирање, а со тоа се доби на висок квалитет и стручна работа со децата кои отстапуваат во својот развиток и на кои им е потребна навремена и стручна поддршка и секојдневна работа;
- Установата изработи идеен проект со прилог предмер пресметка во врска со предложеното реновирање и преадаптирање на неискористените простории во рамките на ОУ."Св. Климент Охридски"- нас. Драчево, кои можат да се искористат за потребите на нашата установа со тоа што бидејќи станува збор за можност за отварање на 3(три) нови групи, истото би добило третман на клон на нашата установа. Воедно , директорот на установата воспостави контакт со МТСП на Р.Македонија и од нивна страна добиен е документ со кој тие даваат согласност за преадаптирање на споменатиот простор, се разбира,доколку општина Кисела Вода биде во можност сето тоа да го финансира од сопствениот буџет;
- Установата перманентно продолжи со дистрибуција на дневен оброк за децата од франкофонска градинка сместена во просториите на ОУ"Димитар Миладинов".За од месец Септември поради покачените цени на дел од артиклите кои редовно ги снабдува установата, од франкофонската градинка ќе биде побарана корекција на цената по оброк за секое дете и доколку биде прифатена од нивна страна, установата ќе продолжи со дистрибуција , во спротивно ќе биде прекината соработката;

**-Реализација на воспитно-образовни активности во рамките на установата од типот:**

- Куклени претстави;
- Театарски претстави;
- Натпревари и квизови;
- Гостувања на надворешни лица(соработници) во градинката;
- Приредби, дружења и хепенинзи;
  Ликовни конкурси и работилници;
- Реализација на годишен проект на ниво на установа под работен наслов "Професии – што сакам да бидам"

**-Реализација на воспитно-образовни активности надвор од установата од типот:**

- Посети , прошетки и гостувања во институции од најразличен тип;
- Посета на библиотека;
- Посета на стоматолошка ординација;
- Посета на автобуска станица;
- Посета на училишта;

**-Реализација на активности од обласата на екологијата и воопшто пошироката природна средина која нé опкружува и која треба да ја сакаме и чуваме;**

Установата преку многубројни активности многу активно, креативно, содржински поткрепено, осмислено и потпомогнато од страна на педагогот на установата , планираше и реализираше активности поврзани со екологијата, здравата животна средина, и љубовта кон неа.

Имено, се реализираа бројни активности од типот: садење на садници, уредување на дворните површини, разработка на текстови и содржини врзани со поуки , навики на добро однесување во и кон природата и сл.

Во контекст на горе наведените активности забележителна е реализацијата на следниве видови активности:

**-Реализација на активности на полето на негување на транспарентност и јавно презентирање на работата во установата;**

Многу често, во текот на годинати преставници од установата( директорот, педагогот, воспитувачи и негователи заедно со децата од групите кои ги водат ), беа поканувани и гостуваа во емисии на нашите медиум при тоа презентирајќи ја работата на установата од сите можни аспекти( организациски, едукативно-воспитен, програмски, иновативно-инветивен, прогрсивен и аспект на голема соработливост и вклученост на родителите во поголем дел од сегментите на работење на установата;

Во континуитет продолжи искористувањето на капацитетот на нашиот ВЕБ- портал каде во целост и максимално се презентираше сето она што се случува, работи и реализира во установата;

**-Реализација на активности во насока на подобрување на условите за работа во сите објекти на ЈДГ;**

- Во континуитет, во текот на целата измината година, продолжија

активностите во насока на **одржување** на постоечките услови за работа согласно со сите прописи правила за добро работење и добар и здрав престој на децата во градинка.Особено го нагласуваме терминот "одржување" од причина што оваа учебна година , по барање на Секторот за финансиорање и буџет при општина Кисела Вода ,во голема мера беше скратен буџетот на установата, во делот на блок дотациите каде и можевме да планираме ставка за одржување и опремување на нашите објекти, со што практично целокупното одржување на објектите беше ставено на терет на самофинансирачката сметка. Согласно расположливите средства, а водени од политика на штедење и економично работење со расположливите средства, сепак иако многу отежнато, успевавме да одржуваме некаков позитивен континуитет.

- Како и минатата година, така и оваа година, во соработка со родителите кои носат деца во нашата градинка во објект "Пржино", а кои по потекло се од САД и имаат своја НВО- "ЛинкАкрост", и оваа година продолжија со својата иницијатива за реновирање и доопремување на игралиште за деца во дворот на објектите "Пеперутка 1 и 2" нас. Драчево.За разлика од минатите години, ова година во работата на игралиштето беа вклучени и волонтери от Р.Чешка (деца од 12 до 18 год. возраст)кои како замена за зимување и скијање на некое монденско место се пријавиле за споменатото волонтирање.Активно учество, како и секогаш до сега , зема установата преку организација и реализација на :

❖Ден на волонтерство во кој се вклучија како вработени од установата, така и родители кои носат деца во нашата градинка , преставници од МЗ Драчево и ученици и професори од Приватната гимназија "НОВА";

❖Ден на ликовно волонтерство од страна на вработените за фарбање(декорирање) на фасадата;

❖Активно ангажирање околу организација на работата како и финансирање на осветлување на игралиштето од страна на установата;

❖Медиумска поддршка и презентација на овој проект со гостување на екипа на ТВ "Сител"-утринска емисија "Журнал" на денот на отпочнување на работата на овој проект, како и гостување на директорот на установата Г.ѓа Снежана Кливановска и директорот на НВО "ЛинкАкрост", Г.ин Клеј Бутемер, исто на ТВ "Сител"-утринска емисија "Журнал" ;

❖Обезбедување на дополнително осветлување на дворот со улични светилки од страна на општина Кисела Вода;

- ❖Вечер на македонската кујна и македонските обичаи во чест на гостите-волонтери како и преставници од Чешката амбасада
- Перманентно одржување на тревниците и садниците во дворовите на сите објекти;

**-Реализација на активности во насока на опремување на објектите од типот на :**

- Компјутеризација;
- Климатизација;
- Опрема по занималните;
- Опрема за кујните;
- Опрема-дидактички материјал;
- Опремување со стручна и детска литература;
- Опремување со видео и информатичка опрема;
- Опремување со училишен материал за секоја група поодделно;
- Опремување и одржување на системот за затоплување на објектите;
- Опремување со канцелариски мебел;
- Отпочнување на постапката за промена на стари подни облоги(теписони) со нови;
- Опремување на персоналот со нови униформи за работа, како и униформирање на администрацијата;
- Опремување на персоналот со картички за идентификација;

**-Реализација на активности во насока на проширување на капацитетите на установата за опфаќање на поголем број на деца;**

Во процедура е постапката за добивање на дозвола за градење врз основа на проектот за доградба на објектот “Расадник” со кој ќе се добие приближно 700м2 корисна површина(5 занимални за деца градинка и една занимална за јаслена возраст) и приближно исто толку метри квадратни подрумски простории со подземна гаража.

**-Реализација на активности во насока на модернизирање на работата на стручниот кадар;**

Модернизацијата на работата на стручниот кадар се одвиваше по фази, онака како според предвидената и планирана динамика беше планирано минатата година.Имено, реализацијата на планираниот проект по фази се одвиваше на следниов начин:

**Прва фаза – едукација на вработените со следење на новите трендови во работење со децата од предучилишна возраст** –перманентно во текот на целата година се реализираа многубројни предавања, активности, мини-интерни семинари на ниво на установа, како и семинари за едукација како на вработените , така и на родителите во 4 сесии.

сето во заедничка соработка како со воспитно-образовниот кадар и стручниот тим на установата и корелација со НВО “ЛИНКАКРОСТ”, која сите горе наведени сесии од предавања бесплатно ги организираше во корист на нашата установа;

**Втора фаза – опремување на компјутерска работилница за едукација на децата и вработените-** во текот на минатата година успеавме, на наше големо задоволство да опремиме компјутерска работилница за едукација на децата и на вработените и веќе овој месец (кога го приврштуваме овој извештај) установата е во преговори со неколку фирми кои би дале понуда до нашата установа за едуцирање на децата и вработените;

**Трета фаза- Лап топ за секоја воспитна група;-** во фаза на изработка е проект-план предмер пресметка со кој планирам да бидат опфатени и двете градинки на ниво на општина Кисела Вода и која фаза всушност очекувано би била влезена во годишниот буџет за финансирање од страна на општината како наш основач.

Само за потсетување од минатата година , идејата за формирање на компјутерска работилница соодветствува со наведената точка во рамките на Нацрт национална програма за развој на предучилишно воспитание и образование насловена како :”Воведување на ИКТ во рамките на предучилишниот систем.

Имено , ова идеа потекнува од потребата да се одржува чекор со светските трендови кои ја налагаат потребата ИКТ да почне да се користи уште од предучилишниот период со цел да не се изгубат драгоцените можности кои се нудат во овој период од развој на детската личност.

Компјутерската работилница како проект ќе биде осмислен и воден од директорот на установата, во соработка со стручен кадар во и надвор од установата и главно ќе биде наменет како за едукација на децата така и за едукација на кадарот кој работи во установата.

-**Ангажирање на стручни лица- педагог , дефектолог и психолог**

**Педагогот** е лице кое е со постојан работен однос во рамките на нашата установа и истиот во континуитет, по принцип на испланирана, осмислена и целисходна работа ги посетува сите објекти кои се под управа на нашата установа.

**Дефектологот** е лице кое е со статус на привремено ангажирано лице под управа на нашата установа и истиот во континуитет, по принцип на испланирана, осмислена и целисходна работа ги посетува сите објекти кои се под управа на нашата установа, но и објектите кои се под управа на ЈДГ"Весели Цветови" и изминатиот период го искористи за детектирање на децата кои отстапуваат во својот развиток, средби и контакти со родителите на истите тие деца, индивидуален пристап и работа со нив, соработка со директорот и педагогот на установата со цел да се осмисли и одбере најдобриот и најбезболниот, а сепак за децата успешен пат за постигнување на добри резултати;

**Психологот** е лице кое е со статус на привремено ангажирано лице под управа на ЈДГ"Весели Цветови" и истиот во континуитет, по принцип на испланирана, осмислена и целисходна работа ги посетува сите објекти кои се под управа на нашата установа, но и објектите кои се под управа на ЈДГ"Весели Цветови" и изминатиот период го искористи за детектирање на децата кои отстапуваат во својот развиток, средби и контакти со родителите на истите тие деца, индивидуален пристап и работа со нив, соработка со директорот и педагогот на установата со цел да се осмисли и одбере најдобриот и најбезболниот, а сепак за децата успешен пат за постигнување на добри резултати;

Во исклучителни ситуации кога во установата ќе се покажел дневен или периодичен дефицит на кадар заради најчесто отсуства на база на боледувања, педагогот, дефектологот и психологот , се прераспоредуваа за работа во група, се разбира во интерес на сигурниот и безбеден престој на децата во градинка.

Во насока на нивно добро организирање на работата и во текот на ова учебна година се стави голем акцент на осмислување на документи( формулар) во кои се евидентира нивната работа од типот :

-бележење на дневните активности на стручните лица;
-листи за индивидуални следења и работа по групи;
-листи за индивидуални средби и разговори со родителите;
-евидентни листи за соработка со тимовите во воспитните групи;
-месечни планови на активности, како и месечни извештаи ; и сл.

**-Воведување на позитивни искуства од надвор со што на родителите ќе се понуди повисок квалитет на услуга кон нивните деца;**
**-Работа на стручно усовршување на кадарот преку стручни теоретски предавања подготвени од стручните соработници;**

- Присуство на отворена трибина на владини проекти;
- Презентација на проект "Спорт за сите деца на ниво на ОКВ";
- Вклученост на педагогот во тимот кој го изработува прирачникот за употреба на стандардите за рано учење кај деца од 0-6год. возраст во организација на МТСП,МОК,МЗ И УНИЦЕФ;
- Партнерски Форум "Одговорност, партнерство и развој", во организација на ОКВ;
- Посета на промоција на стручна литература-книга од Проф. Др. Томе Неновски;
- Посета на промоција на стручна литература-книга од Ѓорѓи Илиевски "Правата на децата;
- Посета на промоција на стручна литература-книга од Татјана Гоговска "Телевизијата и емоциите кај децата"

- Презентација-акционен план за работа за лицата со посебни потреби, организација на ОКВ;
- Посета на стручно предавање на Педагошкиот Факултет;
- Стручно усовршување  Семинар за менаџмент во организација на КДС Климетица Охрид;
- Презентација на нова стручна литература и  материал за иновативни ликовни техники во организација на "Просветно дело" Скопје;
- Презентација на "Крин Тојс" –Стопанска комора на Р.Македонија;
- Следење на едукација за јавни набавки организирано од БЈН;
- Следење на едукација за Закон за јавни службеници;
- Следење на едукација за финансиско работење;

Ангажманот на тимот на стручни соработници во установата , ќе биде перманентен и заснован, како и до сега, на принцип на работа кој значи договарање, консултации, користење стручни мислења и литература, разговори и средба со родители на деца кои цениме за потребно да бидат викнати и консултирани, евидентирање на направените постапки и сл.

## 3. УСЛОВИ ЗА РАБОТА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЈДГ

### 3.1. Просторни услови

Три од четирите  објекти со кои располага ЈДГ "8 Март" – на општина Кисела Вода во Град Скопје, се градени наменски за згрижување, воспитание и образование на деца од 9 месеци до поаѓање на училиште и со големина на екстериерот и ентериерот кои одговараат на потребите според бројот на децата, нивната возраст и според дејноста на ЈДГ.

Само еден од објектите " Пеперутка 1 " е објект кој според својата градба е како прво далеку постар (изграден 1964 год.) од останатите објекти и според распоредот на просториите  по многу што се разликува од останатите три објекти.

#### Објект "Пржино"

Овој објект  од типот "Сончогледи" изграден во 1979 година и се наоѓа на ул. "Кавалска" бб. Вкупната површина изнесува: под објект 1242  м2 и дворна површина од 6001 м2, од кои оптимално се искористени следните простории:

- групни простории за игри, активности и дневни оброци;
- кабинети за воспитно - образовниот кадар и административни простории;
- сала за повеќе намени;
- гардероби;
- тријажна просторија;
- ВЦ простории и купатила;
- лекарска и изолациона соба;
- кујна  и перална;
- подрумски простории со котлара и скривница;
- тераси за престој на децата во летниот период;
- целосно опремено детско игралиште во дворот на градинката;

Затоплувањето во објектот "Пржино" се реализира со нафта - локално. Објектот е опремен со потребни основни средства и ситен инвентар како и дидактички средства сообразени со детската возраст.

.

**Објект “Расадник”**
Овој објект е лоциран на на ул. “Сава Ковачевиќ” бб, има вкупна површина од:под објект 1534 м2 и двор 6777м2, а ги опфаќа следните простории кои се целосно искористени:

- групни простории за игра, активности и дневен одмор;
- кабинет за згрижувачкиот и воспитниот кадар;
- сала за повеќе намени;
- ВЦ простории и купатила;
- тријажна просторија;
- гардероби;
- лекарска и изолациона соба;
- административни простории;
- тераси за престој на децата во летниот период;
- централна и чајна кујна;
- централна перална;
- магацини за прехрамбени артикли и за средства за хигиена;
- простории за хауз - мајстор и други подрумски и нус простории;
- комплетно опремено игралиште за деца сместено во дворот на установата;

**Објект “Пеперутка 1”**
Овој објект е од тип “Сончогледи” изграден 1964 год. и се наоѓа на ул.”Ратко Митровиќ” бб.Вкупната површина (за двата објекти во нас. Драчево) изнесува: под зграда 2456 м2 и двор 9419 м2 од кои оптимално се искористени следниве простории:

- групни простории за игри ,активности и дневни оброци;
- кабинети за воспитно-образовниот кадар и административни простории ;
- сала за повеќе намени;
- гардероби;
- тријажни простории;
- лекарска и изолациона соба;
- кујна и перална;
- подрумска просторија со котлара и скривница;
- тераси за престој на деца во летниот период;
- комплетно опремено игралиште за деца сместено во дворот на установата;

Затоплувањето во овој објект се реализира со нафта - локално.
По однос на опременоста со ситен инвентар како и дидактички средства сообразени со детската возраст во текот на минатата година , но и оваа година во континуитет продолжува набавката на сето она што се појавува како потребно во работењето.
Опременоста со потребниот ситен инвентар,како и друг вид на опрема во континуитет продолжува сé со цел да се постигне како дидактичко така и ентериерно уредување на нашите објекти.

**Објектот “Пеперутка 2”**
Овој објект е изграден во 1979 год. и се наоѓа на ул.”Ратко Митровиќ” бб.
Вкупната површина на објектот изнесува 1.200 м2. Овој објект располага со:

- групни простории за игри,активности и дневни оброци;
- кабинет за воспитно-образовниот кадар;
- мали простории;
- тријажни простории;
- помошни кујни;
- тераси за престој за деца во делот ”Сорос”.

**3.2. Уреденост на дворните површини**

Во поглед на уреденоста на дворните површини,конкретно може да се размислува и да се дефинира што е сработено во следниве насоки:

- Одржување и уреденост на тревните површини заедно со песочниците;

- Одржување на постоечките реквизити, и опремување со нови;
- Одржување на оградата на дворовите и поправка на истата;

Податок кој што е општоважечки за дворните површини во сите објекти е дека од минатата година до сега некако успеавме да ги зачуваме оние реквизити кои постоеја и кои во меѓувреме ги донираше општината.

**ОДРЖУВАЊЕ И УРЕДЕНОСТ НА ТРЕВНИТЕ ПОВРШИНИ ЗАЕДНО СО ПЕСОЧНИЦИТЕ**

Во текот на летниот период планирано е и веќе реализирано :

- Веќе секој од објектите располагаат со своја косилица и дополнителен алат за работа и одржување на дворовите;
- Хортикултурно уредување на просторот околу објектите што значи дека во континуитет се обрнува внимание на уреденоста на просторот околу објектите на тој начин што редовно се одржува хигиената на дворовите, понатаму тревата, песочниците, жардиниерите, дрвјата и грмушките редовно се кастрат и одржуваат;
- Направена е набавка на семе за трева, како и ѓубриво за потхранување на цвеќиња и ќе се пристапи кон позеленување на оштетените површини на дворовите , како и кон средување и наѓубрување на цвеќињата.
- Со иницијатива и донаторство од страна на родители чии деца се згрижени во установата, како и со донација од страна на општина Кисела Вода се засадија голем број нови садници низ сите дворови на установата;

**ОДРЖУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКИТЕ РЕКВИЗИТИ И ОПРЕМУВАЊЕ СО НОВИ**

- Уште во пролетните денови се набави материал и се пристапи кон префарбување на постоечките клупи, канти за отпадоци и реквизити;

  Главна порака која постојано се упатува до родителите како наши корисници и непосредни соседи е дека игралиштето и реквизитите треба да се чуваат, дека се за сите и во секое време ќе бидат достапни за сите и дека само на тој начин ќе може да се размислува за понатаму, за иднината и за нови инвестиции.
- Како и минатата година, така и оваа година, во соработка со родителите кои носат деца во нашата градинка во објект “Пржино”, а кои по потекло се од САД и имаат своја НВО- “ЛинкАкрост”, и оваа година продолжија со својата иницијатива за реновирање и доопремување на игралиште за деца во дворот на објектите “Пеперутка 1 и 2” нас. Драчево.За разлика од минатите години, ова година во работата на игралиштето беа вклучени и волонтери от Р.Чешка (деца од 12 до 18 год. возраст)кои како замена за зимување и скијање на некое монденско место се пријавиле за споменатото волонтирање.

**ОДРЖУВАЊЕ НА ОГРАДАТА НА ДВОРОВИТЕ И ПОПРАВКА НА ИСТАТА**

Оградите во сите дворови се во една задоволителна состојба.Во фаза е поправка на одредени делови кои кородирале, префарбување на делови каде бојата веќе се оштетува, како и ставање на нови железни флакови на делови каде граѓаните свесно ја оштетуваат оградата со цел да добијат некаква “скратена патека за движење” низ нашите дворови.

Воопшто за сите наши дворови како и објекти, на наше задоволство е превземениот чекор и добиената поддрша од општина Кисела Вода за организирање на патролно обезбедување финансирано од установата со што сметаме дека во голема мерка ќе се заштити имотот на нашата установа.

### 3.3. Детски катчиња

Во секое од досега оформените катчиња за игра, активности и престој на деца во секоја од занималните, од типот:

- ликовно катче;
- конструктивно катче;
- семејно - драмско катче;
- литературно катче;

- манипулативно катче;
- мирно катче;
- сообраќајно катче;
- истражувачко катче (во средните и големите групи);

По потреба и зависно од темата која се работеше, беа оформувани и други непостојани катчиња, како што се:

- етнолошко катче;
- математичко катче;
- музичко катче;
- еколошко катче и сл.

Иницијативата од вработени од објектот “Пржино” кои во добра соработка и комуникација со родителите собраа голем број примероци од старински работи( стомни, чинии, авани, троножни столчиња и сл.) за опремување на “Македонска соба” оригинална и автентична по својот изглед и содржина, продолжи во текот на целата година и од причина што се покажа како многу позитивна и прифатена од родителите ќе продолжи и во иднина.

Во континуитет продолживме со опремување на салите со поголеми реквизити за игра и забава( куќички, клацкалки, кошови и сл.) со што се даде придонес во збогатувањето на содржината на салите и просторот во нив.

Воопшто, салите се сосема солидно опремени со елементарни детски спортски реквизити, како што се: лизгалка, клацкалки, шведска клупа, рипстол, монтажни и статични кошеви, како и поситни реквизити кои се користат за игра и рекреација и реализација на активностите по физичко воспитување.

Покрај реквизитите во салите во сите објекти се сместени и по едно пијано за изведување на музичките активности и јавните и интерните приредби и прослави.Веќе набавениот синтисајзер кој истовремено ќе се користи и во занималните за индивидуални активности, од страна на музичарот, по иницијатива на директорот на установата, се искористи за средување и доопремување со материјалот за активности од областа на музиката.

Исто така во салите се сместени и ТВ приемниците со ЦД плеери за следење детски забавни и научни ТВ емисии, како и куклените театарчиња за реализација на куклени претстави подготвени од воспитувачите и од децата.

Во текот на учебната година, дел од материјалите кои пред децата беа презентирани како куклени престави, беа снимани и истите се ставени на располагање на воспитниот кадар од установата.

Во поголем дел од групите ,со донација на родителите веќе има ТВ апарати и ДВД плеери.

**3.4. Аудио - визуелни средства и други технички помагала**

Градинката располага со следните аудио - визуелни средства и други технички помагала:

- ЦД-плеери во сите групи;,
- графоскопи – за секој објект по еден (“Расадник”и “Пржино”);
- ТВ – приемници – 6 ком. и 6 ком.донација од родители
- ЛЦД прожектор;
- ДВД плеери - 4 ком. и 6 ком. донација од родители,
- 10 компјутери – 5 за администрација и 5 за потребите на воспитувачите и децата во објектот”Расадник” и по еден во “Пеперутка 2” и “Пржино”;
- 1 компјутер - донација од родител од објектот”Пржино” се планира да се инсталира во канцеларијата на правната служба ;
- Лаптоп - 2 ком.
- дигитални фотоапарати – 3 ком.
- дигитална камера – 2 ком.
- фотокопир -2 ком.
- видео-камера 1 ком.

### 3.5. Стручна литература, стручни списанија и списанија за деца

Градинката располага со соодветен библиотечен фонд, кој во текот на минатата година се збогати со нова стручна литература и периодика.

При нејзиниот избор примарно се внимаваше новите книги да се практични и корисни, односно стручно да го надградуваат кадарот и да послужат како ориентир во спроведувањето на воспитно - образовната дејност. Со оглед на тоа што во ЈДГ постои литература за креативноста, за начините на планирање, за третманот на детската личност и слично,и оваа година ја продолживме практиката на обезбедување на стручна литература.

Библиотечниот фонд со целата стручна литература и детските сликовници постојано и непречено беше на располагање на кадарот. Дел од литературата, набавена во последните неколку години се разгледуваше и на состаноците на стручните тела за чија разработка беше задолжен поголем дел од кадарот.

Во однос на детските списанија, по желба на родителите, повеќето деца од двата објекта беа претплатени на списанието

- “Росица”,

а установата дополнително се претплати и за детското списание:

- “Другарче” ,

Истите се користеа при реализирањето на воспитно – образовните активности заради негување љубов кон пишаниот збор и стекнување навики за користење списанија, а се користеа и во вид на работни листови во поголемите групи, согласно концепцијата на самите списанија.

## 4.ПОСТАВЕНОСТ

ЈДГ во текот на годината обезбеди оптимални услови за работа со децата, преферирајќи ги притоа индивидуалните специфики на секое дете посебно, неговите потреби, способности, интереси и сл.

Работното време на градинката беше од 5,30 часот до 18,00 часот во сите објекти. Полудневниот престој се реализираше во терминот од 7,30 ч односно 8,00 до 11,00 односно 12,00 ч, во зависност од видот на оброкот за кој се определиле родителите, а родителите можеа да се определат и за игралната како форма на престој, и своите деца да ги носат во терминот од 8.30 часот до 11.00 часот.

Голема дилема и простор за размислување се создаде околу периодот на престој на децата кои во меѓувреме од страна на дефектологот, психологот и педагогот беа детектирани како деца со посебни потреби и кои од страна на родителите беа оставани целодневно- состојба која се одразуваше на квалитетот на работата во групата и која негативно се одразуваше на тие дечиња од причина што и самите неможеа да го издржат таквиот целодневен престој.Ова , како состојба, на ниво на органите кои функционираат во рамките на установата ќе биде ставено како точка на разгледување и обмислување и во таа насока се предложи да се достави истата информација до Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура при општина Кисела Вода со цел на основа на нашите аргумент, образложенија и опис на фактичката состојба да се пропише некаков акт или друг вид на документ со кој ќе се дефинира периодот на престој на децата со посебни потреби во рамките на установата.

Во текот на еден ден со децата се реализира воспитно - образовна дејност врз сите аспекти на развојот, како и нега и исхрана, преку следните активности:

- Прием, слободни игри, утринска гимнастика---------------- од 06.30ч. до 08.30ч.
- Појадок -------------------------------------------------------------- од 08.30ч. до 09.00ч.
- Групно време ----------------------------------------------------- од 09.00ч. до 09.30ч.
- Работа по катчиња на активност----------------------------- од 09.30ч. до 11.00ч.
- Второ групно време---------------------------------------------- по потреба
- Заеднички активности------------------------------------------ од 11.00ч. до 11.30ч.
- Подготовки за ручек и ручек --------------------------------- од 11.30ч. до 12.00ч.
- Попладневен одмор---------------------------------------------- од 12.00ч. до 14.00ч.
- Подготовки за ужина, ужина, попладневни активности и испраќање на децата ------------------------- од 14.00ч. до 18.00ч.

## 5.ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖИВОТОТ И РАБОТАТА ВО ДЕТСКИТЕ ЈАСЛИ И ГРАДИНКАТА

### 5.1. Организација на животот и работата во детските јасли

Работата со децата од детските јасли ја реализираа негователки во соработка со директорот, педагогот, психологот , дефектологот и одговорните воспитувачи со група . Таа опфаќа нега, исхрана и развој од сите аспекти на децата од 9 месеци до 2 годишна возраст, кои се изведуваа преку организирани воспитно - образовни и игрови активности, згрижувачки и превентивни здравствено - воспитни активности.

Згрижувачко - воспитната дејност во детските јасли се реализираше исклучиво целодневно, со сите деца, кои беа распоредени во 9 групи - хетерогени според својата возрасна структура. Сите девет групи реализираа програма “Чекор по чекор” и за таа цел беа соодветно опремени.

Согласно програмската поставеност на јаслените групи, возрасната хетерогеност, како и најновите психолошко - педагошки сознанија за раниот развој на децата, во згрижувачко - воспитната работа со нив, понагласен беше индивидуалниот приод, аплициран во практиката според однапред подготвени годишни, периодични и дневни планови.

Како и претходните години, така и последнава стручната служба на установата , особено по однос на јаслените групи вложи голем напор и наспроти тоа се покажаа позитивни резултати во насока на :

- добра, квалитетна и успешна адаптација на децата во јаслените групи;
- добар, плански осмислен распоред на примање на ново запишаните деца со давање на период за адаптација на децата;
- добро организиран период на адаптација со задолжително присуство на родител или друг близок на детето;
- добра здравствена контрола на ново запишаните деца како и на оние кои беа присутни при адаптацијата;
- добра, успешна и соработлива комуникација со родителите на децата;
- добри стручни насоки од страна на педагогот на установата во насока на организирање на времето кое се поминува со децата и евидентирање на истото во посебни тетратки за евиденција, сé според Годишен план за работа во јаслените групи;
- солиден ангажман на установата за подобрување и опремување на условите во јаслените групи како и групите градинка;

Во текот на годината бројот на децата во детските јасли драстично се зголемуваше,додека во моментов и на листа на чекање најголем дел од таа бројка се токму деца од ова возраст.

### 5.2. Организација на животот и работата во детската градинка

Воспитно - образовната дејност со децата од 2 години до поаѓање во училиште (делот градинка) ја реализираа воспитувачи и негователки, во консултација со директорот, педагогот, психологот и дефектологот и одговорните воспитувачи со група.

Реализацијата на воспитно - образовната работа се одвиваше преку следните форми:

- целодневен престој;
- игрална, односно престој во градинка од 8,30 ч до 11,00 ч без користење оброци.

Децата беа згрижени во воспитни групи според нивната возраст, и тоа:

Јасли ------------------------------------------ 8 групи
Прва мала ------------------------------------- 4 групи
Втора мала------------------------------------ 9 групи
Средна ----------------------------------------- 8 групи
Голема ----------------------------------------- 8 групи
Група во други прост.услови мешана --- 1 група

Сите останати групи реализираа програма “Чекор по чекор” (опишани во натамошниот текст од Годишниот извештај), за што соодветна педагошка документација водеа како воспитувачите така и негователите во рамките на установата.

## 6. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ ЗА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

### 6.1. Позначајни карактеристики на реализираната работа во детските јасли

Воспитно - образовната работа со децата во детските јасли го преферираше индивидуалниот приод кон нив. Содржините за работа беа одраз на детските интереси, потреби и желби. Согласно со тоа, во детските јасли активностите почесто се менуваа во текот на денот и траеја пократко.

Тие се одликуваа со поголема динамика и раздвиженост во групната просторија според потребите на децата за слободно движење низ просторот и комуницирање и манипулирање со предметите од околината. Воспитно - образовната дејност со нив беше проследена со љубов и разбирање, со што физичкиот контакт на негователките со секое дете беше одраз на искажана љубов и внимание.

Во детските јасли, покрај другото големо внимание се посвети на пасивната и активната гимнастика, музичките активности, сензо - моторните, перцептивно - сознајните активности, говорните активности, развој на моториката и сл.

Установата во организациона смисла посвети особено внимание на неколку значајни сегменти во работењето во јаслените групи како:

- опремување и декоративно оплеменување на просторот;
- сукцецивност во динамиката на примање на деца од оваа возраст ;
- присатност на родителите во процесот на адаптација на нивните деца;
- едукација на родителите преку претходно подготвени флаери , ВЕБ – порталот и друг вид информатори;
- индивидуални средби и разговори;

- подготовка и презентирање на материјали од стручно-едукативен каракобро и тер за подобар и поквалитетен приод во работата со деца од ова возраст но и со нивните родители;

**6.2. Стручна оценка за степенот на реализација на воспитно - образовната работа во градинката**

Во делот градинка се работеше исклучително според тематско планирање кое се засноваше на:

- консултација и соработка со педагогот на установата по однос на избор на темата која ќе се работи;
- корекција или надополнување со содржини кои треба да се обработат со одредена возрасна група;
- Посебен избор на тема која сите групи требаше да ја сработат во рамките на реализацијата на годишниот проект "Професии- што сакам да бидам";
- Прецизно договарање и распоредување на сите главни активности околу реализацијата на споменатиот годишен проект;
- Стручни консултации и работа на конкретно посочени проблеми или состојби во групата, а сето евидентирано во рамките на евиденцијата која ја водат секој од стручните соработници;

Овој начин на работа со децата се реализираше најчесто преку катчињата за игра и активности од кои континуирано беа застапени следните: семејно - драмско, сообраќајно, литературно, ликовно, конструктивно, истражувачко, манипулативно, песок и вода и мирно катче. По потреба во занималните се организираа и други катчиња: музичко, еко - катче, математичко катче, етнолошко катче и сл. Во текот на годината, исто така, се богатеше и катчето за изложба на ракотворби и креации на децата, кое поттикнуваше на натамошна креативност.

Катчињата беа опремени како од самиот почеток, така и во текот на годината со потребни материјали. За работа се користеше сé што постоеше во групната просторија, а по потреба се додаваа и дополнителни средства, карактеристични за секоја конкретна тема. Најчесто се додаваше природен материјал и амбалажи, односно материјал кој може лесно да се обликува и ракува.

Покрај тоа, во воспитно - образовната работа редовно се употребуваа аудио - визуелни средства,претходно подготвен материал прожектиран на новокупениот ЛЦД прожектор, приборот за ликовно творештво, спортски реквизити, детски музички инструменти, пијано, апликации и разни слики за дидактички игри, постери, сликовници, енциклопедии, различни видови кукли и сл.

Работата по катчиња овозможи индивидуален приод и групна работа на децата, почеста размена на нивните мислења и искуства и понепосреден контакт со возрасните. Тоа придонесе и за поголема примена на игровите и истражувачки активности, со што воспитно - образовната дејност за децата беше интересна и не беше пасивна. Активностите не беа поделени на слободни и насочени, а катчињата се активираа кога се имаше потреба од нив и по барање на децата, но со насочување и соодветно мотивирање од страна на воспитниот кадар. Во текот на еден ден се употребуваа повеќе катчиња едновремено како апликација на интегралниот приод кон сите воспитно - образовни подрачја.

Збогатување на катчињата како и воопшто на ентериерот на градинката во сите нејзини објекти се случи во рамките на реализацијата на годишниот проект – "Професии- што сакам да бидам" од чија реализација произлезе огромен творечки материјал, работилници, фотографии, снимен матерјал ,изложбен материјал и сл.

### 6.3. Реализација на посебните аспекти од воспитно образовниот процес

Покрај интегралната разработка на сите програмски воспитно - образовни подрачја, при реализацијата на воспитно - образовниот процес се обрна внимание и на следните аспекти:

- работно воспитание;
- развој на здравствено - хигиенски и културно - хигиенски навики;
- културно - информативно и спортско - рекреативна дејност;
- еколошко воспитание.

### 6.4.1. Работно воспитание

Работното воспитание на децата се аплицираше во секојдневниот воспитно - образовен процес со нив, преку следните активности:

- уредување на просторот и средување на играчките;
- активирање во воспитно - образовните и животните активности;
- поделба на обврски меѓу сите членови на групата (деца и возрасни);
- посета и контакти со соодветни лица и институции, запознавање со различни професии и активности на возрасните;
- играње игри на улоги и имитативни игри;
- презентирање модел на идентификација (примерот на возрасните):
- соодветни акции во дворот на градинката;
- разработување различни содржини: приказни, песни, драмски текстови;
- реализирање активности за самопослужување и помагање на другите и сл.;
- развивање на љубов и интетрес кон одредени професии како и разбирање на тежината и спецификата која секоја работа и ангажман ја носат со себе;

Преку овие, како и многу други активности кај децата се дејствуваше врз:

- создавање работни навики;
- осамостојување во самопослужувањето од различен вид;
- создавање потреба за активирање;
- поттикнување на самоиницијативноста;
- градење љубов и потреба од работа како позитивен став кон ефектите од работата;
- запознавање и прифаќање на сопствените можности и потреби;
- создавање позитивни емоции, задоволство по завршената работа.

### 6.4.2. Развој на здравствено - хигиенски навики

Со цел поуспешно да се воспитуваат и развиваат здравствено - хигиенските и културно - хигиенските навики кај децата, во ЈДГ се презедоа мерки на следните нивоа:

- конкретно преземени здравствени и хигиенски мерки;
- превземање на вонредни и интервентни мерки по однос на состојби кои се актуелни во средината во која се живее;
- Во корелација со Заводот за здравствена заштита , Др. Лилјана Лазаревска, директорот на установата во неколку наврати побара и реализираше земање на брис од нос и грло од деца во групи чии родители нè информираа дека имаат позитивен брис.
- Изработка на информативно-едукативни флаери за подобро информирање и заштитување на децата;
- Давање писмени насоки и укажувања до вработените и родителите од страна на директорот на установата по однос на здравјето, здравата средина за престој на децата и сл.;

- воспитно - образовно дејствување врз децата заради заштита на сопственото и туѓото здравје и заштита на околината;

- стручно усовршување на кадарот за создавање здравствено - хигиенски и културно - хигиенски навики кај децата.;

- И ова година продолжи со реализација проектот за конзумирање на флуорирано млеко од страна на оние деца чии родители дадоа писмена согласност за истото.Во меѓувреме, од страна на координаторот за спроведување на овој проект до нашата установа беа дистрибуирани четки и пасти за заби кои треба редовно да се користат за време на престојот на децата од големите групи во градинка;

Културно - хигиенските и здравствено - хигиенските навики се воспитуваа континуирано во текот на целиот престој на детето во градинката, односно низ различните видови воспитно - образовни содржини и низ реализацијата на животните активности на детето. Секако, во текот на годината и преземените мерки од страна на возрасните претставуваа модел на дејствување врз сопственото и туѓото здравје (проветрување на просториите, редовна промена на постелнината, редовно миење на рацете, користење на течен сапун и средство за дезинфекција на рацете, уредување на просторијата, уредност и култура при исхраната и сл.).

За стручно усовршување на кадарот по однос на овој вид воспитно - образовно дејствување се реализираа чести разговори, консултации, размена на искуства меѓу кадарот, како и консултација и презентација на стручна литература и често во текот на годината од страна на директорот беа давани инструкции и насоки за работа и постапување во писмена форма.

### 6.4.3. Културно - информативна и спортско - рекреативна дејност

Културно - информативната и спортско - рекреативната дејност во ЈДГ беше редовно спроведувана преку различни форми на воспитно-образовно дејствување. За таа цел беше оставрувана редовна соработка со родителите на децата и со околината воопшто, како и редовни посети на институции од различен вид.

Со однапред предвидени задачи и содржини кај децата редовно се поттикнуваше потребата од следење на културните збиднувања и од учество во нив, а се создаваа и навики за спортско и рекреативно искористување на слободното време.

Покрај учеството на јавни и културни манифестации и спортско - рекреативни активности, кое е опишано во соодветниот дел од Извештајот, со децата редовно се водеа разговори на таа тема, се спроведуваа различни хоби - активности, се изведуваа гимнастички вежби, се изработуваа книги, збирки и календари во групите, се следеа корисни и практични ТВ емисии на таа тема, се водеа разговори за различни видови музика, се посетуваа театри, галерии, библиотеки, се организираа ликовни атељеа, сообраќајни катчиња, редовно се користеа фискултурните реквизити, се посетуваа институции од различн вид и сл.

### 6.4.4. Еколошко воспитание

По однос на еколошкото воспитание, воспитно - образовното дејствување се реализираше на две нивоа:

- конкретно спроведени мерки и
- воспитно - образовно дејствување врз децата.

По пат на еколошко воспитување кај децата правилно се насочуваше комуникацијата со живата и неживата природа околу нив. За таа цел често пати беа преземани поголеми еколошки акции кои ја поттикнаа љубовта кај децата кон природата, односно беше реализирано следното: расчистување и раззеленување на дворот, опкопување околу коренот на дрвцата во дворот, грижа за растенијата, птиците и животните, одгледување растенија и сл.

За развој на еколошката свест со децата се водеа и чести разговори за екологијата, се разработуваа соодветни приказни, песни, драмски текстови, се организираа еко - квизови,

децата се запознаваа со карактеристиките на живата и неживата природа преку чести контакти со неа, се искористуваа материјали за изработки, амбалажа, стара хартија која се рециклираше.

### 6.5. Работно - игровни средства, форми и методи на работа

Тематското планирање и програмата "Чекор по чекор" (која во себе го вклучува и Тематското планирање) се покажа како многу интересен и креативен чин. Отстранувајќи го старото шематско делење на денот на слободни и насочени активности, игри и прошетки, се испреплетуваат истите, зависно од детските потреби и интереси и се поврзуваат со темата на денот.

Фронталната форма на работа е застапена исто како и групната и индивидуалната. Имено, децата се групираат самостојно, во зависност од нивните интереси и го работат она што го сакаат, се развиваат заеднички на она поле каде што се среќаваат нивните можности и интереси.

Индивидуалната форма на работа, исто така многу често застапувана, овозможи секое дете да напредува онолку колку што може и во рамките на она што го сака. На тој начин, лесно се согледуваа индивидуалните детски интереси, се откриваа скриените таленти и се работеше на нивниот развој.

Од методите за работа, се користеа сите познати методи од педагошката литература и пракса, но сепак најзастапени беа игровата метода и истражувачките активности.

Сѐ почесто се применува здобивање исти сознанија низ повеќе содржини од повеќе воспитно - образовни подрачја, користејќи повеќе катчиња на активност, со понудено мноштво работно - игровни средства, од кои би ги издвоиле природните материјали и конкретните предмети, на кои им се даваше предност.

Установата, и ова година во услови на отежнато финансиско работење заради пренискатa сума која родителите ја партиципираат за престој во градинка, сепак успеа да направи еднократна набавка на наставно –образовни помагала(дидактика) која ќе биде распоредена по воспитните групи.

## 7. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Во ЈДГ "8 Март" на Општина Кисела Вода во град Скопје, здравствената заштита на децата беше целосно препуштена на одговорност, спремност и максимално ангажирање на директорот на установата и воспитно-негователскиот кадар.

Установата не располага ниту со лекар ниту со главна мед.сестра .Од наша страна, во неколку наврати ,поднесени се барања до ресорното министерство -МТСП на Р. Македонија со цел да ни̂ се даде согласност за ангажирање на лица за споменатите работни места ,но таква согласност сѐ уште немаме добиено.

Во текот на изминатата година континуирано беше извршуван санитарно - хигиенски увид на кујнските простории, начинот на нивно чистење и одржување, начинот на чистење на приборот за јадење и подготвување на храната, начинот на подготвување и составот на храната, како и нејзина дистрибуција до децата; санитарно - хигиенски увид на санитарните јазли и просториите каде децата престојуваат, нивното чистење, проветрување, одржување и чистење на играчките, постелнината и нејзиното менување.

Во 2009г. установата заврши со целосна имплеметација на HACCP стандардите, при тоа целосно реновирајќи ја централната кујна како и санирајќи ги кујните во останатите објекти.Централната кујна е олицетворение на идеално опремен простор за работа и подготовка на храна кој стана и пример за добра кујна на останатите установи во градот и

пошироко.По направената нумерација на чешмите во сите објекти во континуитет продолжи постапката на испитување на квалитетот на водата во Завод за здравствена заштита .

Континуирано беше следена здравствената состојба на децата и благодарение на навремено превземени против - епидемиолошки мерки, немаше ширење на заразни заболувања.

При приемот на нови деца беа доставувани лекарски потврди од страна на матичниот лекар на детето за неговата здравствена состојба и вакциналниот статус,негативни резултати од земени брисеви од нос и грло од детето и од лицето кое ќе престојува во установата во периодот на адаптација на децата,како и брисеви после подолготрајно отсуство на децата од градинка, беа отварани и водени досијеа на детето.

За сите деца кои ќе продолжат да одат во градинка од 01.09.2011г., а кои изминатиот период биле отсутни од градинка, со самото доаѓање исто така ќе биде побаран негативен брис.

Беа направени редовни и планирани систематски прегледи, при што сукцесивно беа опфаќани децата од сите објекти.

Беше направен и систематски стоматолошки преглед од страна на д-р Љупка Поповска при што беше утврден голем процент на кариес и таквите деца беа упатувани на стоматолог.

Во соработка со Институтот за рехабилитација на говор и слух контролирана е состојбата на говорот и слухот кај децата кои се во годината пред поаѓање на училиште, од страна на логопеди и аудиолози, при што децата кај кои се забележани аномалии беа упатувани на понатамошна работа со нив во истиот Институт.

Во соработка со центарот за слух и говор во градинката се реализираа логопедски индивидуални вежби водени од стручно лице-логопед.

Во континуитет се следат и применуваат препораките од д-р Роза Малевска олоку превенциите од менингит кој како писмени известувања се доставени до сите наши објекти со наредба истите да се почитуваат и применуваат.

## 8. КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ

Во текот на 2010/2011 година остварена е богата јавна и културна дејност преку отвореност на градинката кон семејствата, соработка со училиштата, преку посети на различни институции и установи, средби со значајни личности, куклени претстави и слично.

### 8.1. Соработка со родители

Во интерес на успешната соработка со семејствата, на почетокот на годината беше усвоен годишен план за таа цел. Тој беше разгледуван на ниво на стручните тела и на ниво на родителски средби.

Планот ги предвиде следните форми на соработка:

- формални и неформални индивидуални разговори со родителите;
- средби со родители на новопримени деца;.
- општи и групни родителски средби;
- учество на родителите во воспитно - образовниот процес, преку раскажување случки, приказни, песни, презентација на професии, изработка на играчки, подготовка на приредби, прослави на родендени, учество во разновидни акции, учество на родител во едукација на други родители и сл.;
- посета на работното место на родителот;
- посета на семејствата дома;
- приредби и прослави пред родители;
- писмено комуницирање со родителите;
- педагошка едукација;
- попладневни средби и дружења, работилници и сл.

Најчести и најуспешно реализирани форми беа индивидуалните контакти со родителите, средбите со родители на новопримените деца, писмено комуницирање, учеството на родителите во воспитно - образовниот процес, едукацијата на родителите и попладневните средби и дружења.

Писменото комуницирање најчесто се реализираше еднострано од градинката кон семејството преку родителското катче и преку различни видови информации во писмена форма.

Едукацијата на родителите се реализираше преку: стручни написи на влезното пано, изложби на книги за развојот на децата; изложби на фотографии за детскиот живот во градинката, ликовни творби и слично.

Успешна форма на отвореност беше и вклучувањето на родителите во реализацијата на воспитно - обрзовниот процес, односно нивна вклученост во: активностите на децата по катчиња, организирање прошетки, роденденi и сл.

Отвореноста на градинката кон семејството, покрај на ниво на установата, се планираше годишно и периодично и на ниво на една воспитна група, а како продолжение од минатите години. Соработката со родителите, благодарејќи на преземените активности и мерки во изминатите години, во текот на оваа година се реализираше уште поуспешно.

Во текот на изминатата година успешно беа изведени попладневните средби и дружења со родителите, на кои тие, заедно со децата и кадарот неформално изработуваа различни предмети од разновиден необликуван и обликуван материјал. Овие активности се документирани на ЦД-ња и фотографии. Изработките и фотографиите беа истакнати на влезот од градинката,како и на нашиот ВЕБ портал како поттик за вклучување на сите семејства. Овие дружења беа поздравени од страна на родителите, кои сугерираа почести средби од тој вид.

На работилниците кои претходеа на хепенинзите родителите изработуваа и твореа заедно со своето дете, ги купуваа изработките заедно со останатите присутни заинтересирани од надвор и гости кои присуствуваа на хепенинзите. Оваа година собраните средства беа наменети за набавка на дидактичкиот материјал и другите средства наменети за работа за нашите деца кои ја посетуваат установата со цел да се подобрат условите и оплемени просторот во кој децата престојуваат и работат .Вработените од секој објект индивидуално се одлучија за што ќе бидат наменети собраните средства . Овој пат , како и до сега,дојде до израз хуманоста и желбата за соработка од страна на родителите .

Родителите редовно беа запознавани со целта и дејноста на предучилишниот воспитно - образовен процес, со потребата од отвореност и соработка, начините на соработка и сл. За таа цел, покрај индивидуалните средби (особено со родителите на новопримените деца), на почетокот на годината се одржаа средби со сите родители, каде се протолкуваа наведените елементи и се објасни новиот начин на работа со нив.

- Голема потврда за успешната соработка на нашата установа и родителите е реализацијта на иницијативата на родителите од објект “Пржино” за дореновирање и доопремување на детското игралиште кое се наоѓа во дворот на објектите “Пеперутка 1 и 2” нас. Драчево.Голем дел од родителите донираа средства кои се инвестираа во игралиштето, додека пак дел од нив активно се вклучија во работата за што на крајот установата им додели благодарници.

Флаерите, поканите, плакатите, медиумите и сл. и оваа година беа искористени како механизам за комуникација и информирање на родителите.

## 8.2. Соработка со училиштата

Во интерес на континуитетот на воспитно - образовното дејствување врз детето, ЈДГ остварува соработка и со основните училишта во непосредната околина.

На почетокот на учебната година беше остварена средба на стручната служба при градинката со стручните служби при училиштата поединечно. Нејзината цел беше размена на искуство за начините на воспитно - образовното дејствување врз децата, неговите содржини, ефектите врз децата и сл. Воедно на тие средби стручните соработници се договараа за можните начини на соработката во текот на годината, разговараа за размена на стручна литература, сознанија и сл.

Во текот на годината беа овозможени посети на училишната зграда и на часови од различен тип, каде децата од големите групи постепено се подготвуваа за престојното запишување во прво одделение.

Како пример на соработка со О.У оваа година може да се истакне соработката со:

- О.У."Невена Ѓ. Дуња"
- ПСУ "Јахја Ќемал"
- О.У."Кузман Ј. Питу"
- Соработка со ДМБУЦ "Илија Николовски Луј"- новогодишен концерт , како и концерт од нижи музички одделенија на пиано пред децата од објектот "Расадник".
- О.У."Круме Кепески"
- О.У."Рајко Жинзифов"
- О.У."Кузман Ј.Питу"
- О.У."Кузман Шапкарев"

Во сите горе наведени посети се присуствувало или на школски час, или на одбележување на јубилеи или патрони празници.

### 8.3. Соработка со други градинки

ЈДГ "8 Март" – на општина Кисела Вода во Град Скопје, во текот на изминатата година оствари соработка со речиси сите градинки на територијата на Скопје и со градинки низ Републиката. Би ги издвоиле соработките со следниве градинки:

- ЈДГ " 13 Ноември",
- ЈДГ" Весели цветови"(отварање на библиотека),
- ЈДГ"Пролет"(презентација на проект),
- ЈДГ" Раде Јовчевски Корчагин",
- ЈДГ" Снежана",
- ЈДГ"Кочо Рацин",
- ЈДГ"Мајски цвет"(следење на приредба),
- ЈДГ"Фиданка"(Присуство на проект презентација),
- ЈДГ"25 Мај"(презентација на дневна активност),
- ЈДГ" Детска радост"- Гевгелија,
- ЈДГ" Ангел Шајче"- Куманово
- ЈДГ "Буба Мара"- Скопје,
- ЈДГ "Срничка"- Скопје,ЈДГ "Росица"- Скопје
- ЈДГ"Астибо" – Штип, ЈДГ" Димче Мирчев"-Велес и др.

Освен наведените меѓусебни посети, постојано во текот на годината разменувавме стручни искуства со повеќе градинки од градот и Републиката.

### 8.4. Соработка со стручни и научни институции, производствени организации, институции од обласа на културата и друго

Преку различни средби и консултации ЈДГ остварува соработка со следните институции:

- Општина Кисела Вода;
- Министерство за труд и социјална политика на Р.Македонија;
- Министерство за образование на Р.Македонија ;
- Министерство за внатрешни работи на Р.Македонија;
- Биро за развој на образованието на РМакедонија;
- Здружение на граѓани "Чекор по чекор";
- Филозофски факултет - Институт за педагогија;

- Филозофски факултет - Институт за дефектологија;
- Педагошки факултет "Св. Климент Охридски" - Скопје;
- Стопанска комора на Р.Македонија;
- Сојуз на просветни работници на Македонија;
- Здружение на просветни работници на град Скопје;
- Завод за ментално здравје;
- Институт за рехабилитација на слух и говор;
- Институт за рехабилитација на деца со оштетен вид;
-Детски креативен центар "Џунџуле"
- Сојуз за грижи и воспитување на децата на Македонија;
- Сојуз за грижи и воспитание на децата на град Скопје;
- Центар за детско ликовно творештво;
-Јавни гласила: МТВ;; МТМ ТВ; ТВ Телма, Сител ТВ; Канал 5 ТВ ; ТВ Алфа и др;

- ТВ "Сител" –"Сликовницата како важен сегмент во воспитно образовната работа"(снимање на прилог со деца од воспитно-образовна група во објект "Расадник");
- Канал 5- гостување на воспитувач со деца по повод први Април
- ТВ "Сител" Журнал"-по повод "Недела на детето" (снимање на прилог во сите групи);
- Гостување во емисија "Нешто убаво" Сител ТВ;
- Настап на А1- по повод празникот на мама (утринска емисија);
- Лице на денот- Г.ѓа Снежана Кливановска
- Лице на денот –Г.ѓа Мира Ѓорѓиева
- Гостување во Канал 5- емисија "Заеднички ручек"
- Гостување на ТВ Алфа-емисија за здрава храна "Виталија"
- Гостување на утринска емисија на МТВ ТВ
- Гостување во "Добро утро Македонијо"
- Гостување во "Журнал" Сител ТВ-прилог и гостување во емисија по повод работата и отварањето на игралиште во нас. Драчево објекти "Пеперутка 1 и 2";
- Гостување во ТВ А1-адапрација на децата во градинка-педагог Мира Ѓорѓиевска;
- Гостување во ТВ А1-тема "Спорт";
- Гостување на ТВ 24 –за детските играчки, стручен осврт на педагогот Мира Ѓорѓиевска и прилог со деца;
- Гостување ТВ А1 "Бебе магазин"-по повод 8 Март;
- Гостување ТВ А1 –Цвета Динева и Мира Ѓорѓиевска тема "Здрава храна";
- ТВ АЛФА –гостување во емисија Г.ѓа Снежана Кливановска тема "Здрава храна";
- Гостување на ТВ Канал 5-гостуваше наш готвач, воспитувач Мирјана Китановска и деца од нејзината група со Министер за внатрешни работи на Р.Македонија Г.ѓа Јанкуловска Гордана;
- Гостување на канал АБ по повод денот на просветителите;

### 8.5. Јавни манифестации

Јавната и културна дејност се реализираше во градинката и вон неа, и тоа:

#### <u>8.5.1 Следење интерни куклени претстави:</u>

- "Бременски музиканти"
- "Непослушното мече"
- "Маја во градинка"
- "Две другарчиња"
- "Шумската градинка"
- "Другарство"
- "Мики и Мила"
- "Шумски квиз"
- "Есен во шумата"

- “Волкот и лисицата”
- “Изгубеното маче”
- “Изгубената кукла и Дедо Мраз”
- “Топла облека”
- “Волшебната фотеља”
- “Деновите во седмицата”
- “Во полската куќичка”
- “Зимска бајка”
- “Мечката и огледалото”
- “Тажното морковче”
- “Мечето сликар”
- “Ежот и мечката”
- “Бушавко”
- “Трите пеперутки”
- “Зајко и кокошката”
- “Ленка- немиенка”
- “Другарите на Ана”
- “Моите пријатели”
- “Соседство”
- “Како се поздравуваме”
- “Кавгата на витамините”
- “Штркот и лисицата”
- “Ежовате куќичка”
- “Дедо Мраз и шумските животни”
- “Трите прасиња”
- “Мачорот Станко”
- “Гостите на зајко”
- “Болното мече”
- “Како долгоушко се разболе”
- “Здрава храна , здрава Јана”
- “Како Влатко се изгубил”
- “Нечиста Јана”
- “Јаболко”
- “Буре со мед”
- “Зајакот, волкот и мечката”
- “Мечето Мишко во новогодишната ноќ”
- “Снежната кралица”
- “Топката избега”
- “Апчињата не се бомбони”
- “Авион полн со писма”
- “Златка и трите мечки”
- “Подароците на Дедо Мраз”

**8.5.2 Следење на театарски претстави:**

Во сите објекти беа следени следниве тетарски престави:

- “Сакам ,сакам”- воспитувачи од објект”Пеперутка 1 и 2”
- “Што, кога на Дедо Мраз ќе му снема глас”- театар Криг
- “Здрав сум и никој ништо не ми може”- воспитувачи од објект”Пеперутка 1 и 2”
- “Итриот и завидливиот” – студио Колозов
- “Снежана и 7 Џуџиња – Снежана Коневска Руси

**8.5.3Следење на натпревари и квизови**

- За моето тело,
- Мојот свет и мојата градинка
- Квиз за здрава храна
- Колку го познавам И колку го сакам мојот град?
- Кој што сака да е здрав
- Убавините на есента
- Ја сакам есента
- Земјата е дел од вселената
- Зима, зима епа што!
- Живиот свет околу нас.
- Сакам да бидам
- Препознај ја професијата
- Јас И мојот свет
- Моето тело
- Убавините на есента
- Знам за мојот свет
- Што знаеме за есента
- Ги сакаме животните
- Домашни и шумски животни
- Професии
- Сообраќаен квиз
- Колку ја познавам мојата градинка
- Шумски квиз
- Погоди кое животно е
- Знам сѐ за зимата
- Здравје
- Сообраќај
- Игри без граници

**8.5.4 Гостување на надворешни лица и соработници на градинката**

- Посета на родител-подарок за нашата група
- Гостување на куклар со марионети
- Гостувања на ученици од МБУЦ “Илија Николовски Луј”-есенски концерт
- Гостување од деца од франкофонска градинка
- Гостување од припадници на пожарникарска единица
- Гостување од преставници од Виталија

- Гостување на лица од различни професии во рамки на реализација на годишниот проект “Професии-што сакам да бидам”( актер, сликар, лекар, балерина,козметичар, хаус мајстор,режисер,полицаец, фризер,готвач, менаџер)

**8.5.5 Интерни приредби , прослави и хепенинзи**

- По повод Недела на детето
- Здраво, здраво, јас имам право
- Недела на детето
- По повод 11 октомври – приредба
- Есенка свеченост
- 13 Ноември – го градиме нашиот град
- Хуманитарна акција –подарокот мој радост носи
- Новогодишна приредба и хепенинг
- Приредба по повод реализираниот годишен проект “Професии-што сакам да бидам “ и по повод Патрониот празник на установата – “Кога земјата на чудата ќе ја видам , јас сакам да бидам”

**8.5.6. Учество на ликовни манифестации**

- Ликовен конкурс “Мојата мајка”
- Ликовен конкурс “ник на мојата општина”- ОКВраз”(Мај,2009г.)
- Ликовен конкурс” Најдобро украсено велигденско јајце” ОКВ( Септември, 2009г.)

**8.5.7. Други активности од јавна и културна дејност:**

- Посета на библиотека;
- Посета на стоматолошка ординација;
- Посета на автобуска станица ;
- Отварање на парк”Шопен” во ОКВ
- Настап на воспитен тим на ЈДГ”8Март” на општина Кисела Вода во град Скопје во Завод за деца со оштетен слух и говор и донација на играчки обезбедени од хуманитарен хепенинг во организација на установата;
- Презентација во Црвениот крст на Р.Македонија –Запознавање на најмалите со давање прва помош и учество на група на деца од објектот Пеперутка 2;
- Посета на нива во с. Долно лисиче;
- Посета на парк на музиката;
- Прошетка низ Скопје;

## 9. СТРУЧНИ ОРГАНИ ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

### 9.1 Стручен совет

Стручниот совет го сочинуваат директорот, педагогот,психологот и дефектологот како и преставници ( по еден воспитувач и еден негoвател од секој објект),правник-секретар на ЈДГ. Во текот на изминатата година тој ги реализираше следните задачи и активности:

-активно работеше и придонесуваше во осмислувањето и реализирањето како на поставентата годишна програма, така и на извештајот кој произлегуваше од таквите активности;

-градеше стратегија за максимално искористување на просторот наспроти рационалното отварање на групи според расположливиот кадар;(кадарот кој е непосредно врзан и неопходен за работа во воспитно образовните групи ова година се намали за 2(два) воспитувачи кои заминаа во пезија, 2(две) негователки кои исто така заминаа во пензија и за кои не е добиена согласност за нивна замена.

-осмислување на планот и распоредот на кадарот по објекти и групи;

-формирање на групи со укажувања од страна на дефектологот и психологот за присатност на деца со посебни потреби во поедини групи;

-давање насоки(писмени и усни) за значајни прашања од тековното работење;

- спроведување перманентна аналитика на работата и постигнатите резултати;

- спроведување перманентна аналитика на состојбата на деца по воспитни групи како и барање отчет од секој воспитувач и негoвател за причината за евентуално испишување на дете од групата во која работата, како и превземање на соодветни мерки;

вање мислења и предлози во поглед на организацијата на работата и условите за работа;

- дефинирање и презентирање на Месечните планови за работа на стручните соработници;

- ги разгледуваше програмите и плановите за работа и превземаше мерки за нивно извршување;

- го разгледа планот за стручно усовршување на кадарот во детската градинка;

- утврдување потреби од игровен, дидактички и друг материјал за работа со деца, како и потреби од основни средства и потрошен материјал за нормално реализирање на дејноста.

-изврши навремено формирање на групите за наредната школска година како и распоред на расположливиот персонал;

-стручно ги анализираше и даваше свои предлози, ставови и размислувања по однос на организирање на работа во оние тимови(групи) каде од здравствени, лични и семејни причини е оценета потреба од помош, сé во интерес на безбеден престој на децата во градинка;

-стручно, осмислено и планирано приоѓаше кон завземање ставови околу проблемите во групата во други просторни услови “Зеленика” опш.Зелениково;

Стручниот совет се состануваше еднаш месечно( а некогаш и вонредно) и на своите состаноци ги разгледуваше и решаваше и тековните проблеми на градинката.

**Во прилог на годишниот извештај за работа , во продолжение , ќе бидат презентирани индивидуалните годишни извештаи за работата на членовите на стручниот совет:**

- **ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ПЕДАГОГОТ НА ЈДГ “8 МАРТ” НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ВО ГРАД СКОПЈЕ**

Во учебната 2010/2011 работата на стручниот работник – педагог беше заснована на хуманистичко развојната концепција на предучилишното воспитание и образование, на холистичкиот пристап на развој на детската личност и секако врз основа на документот “Основи на програмата за воспитно образовна работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки.”

Работата на педагогот се обавуваше во сите објекти на установата,за 38 воспитно образовни групи со вкупна бројка од 730 деца.Општа констатација за работењето во оваа година , би била мојата посветеност на подобрување на квалитетот на редовната воспитно образовната работа и поголема застапеност на проектната работа во воспитно образовниот процес во градинката. Во текот на целата година водев грижа за подобрување на начините на реализација на активностите, преку редовно следење на истите и водење на листи на евиденција по извршеното следење.Исто така, особен акцент ставив на индивидуално следење на децата, по указ на воспитниот кадар, кое следење исто го евидентирав во листа за индивидуално следење на дете.Следењето на децата најчесто се вршеше во соработка со дефектологот и психологот на градинката.Соработката со семејствата се одвиваше на повеќе полиња:започнувајќи од секојдневните советодавно-консултативни разговори со родителите(заведено во писмени белешки),организирање на работилници со родители ,организирање на заеднички посети и излети,преку моето учество во работењето на Советот на родители, се до однапред планираната и осмислена педагошка едукација на родителите.

Секако дека еден од најважните делови на работењето на педагогот е **учество во планирањето на воспитно образовната работа** .Како и во изминатите години, изработив: Програма за работата на педагогот,План за соработка со семејството,План за соработка со училиштата и други градинки,План за стручно усовршување на кадарот,План за работењето на негователките,План за работата на музичарот(во соработка со музичарот),дел од годишниот извештај за учебната 2009/2010 година (делот за воспитно образовна реализација),дел од годишна програма за учебната 2010/2011 (делот за планирањето на воспитно образовната работа).

Особено важен дел во моето работење посветив на структуирање на воспитно образовните групи, во почетокот на годината, но и во текот на целата учебна година поради континуирани уписи на деца.Во врска со ова , беа и секојдневните мои ангажмани за запишување на деца во групите, и водење на апликациони листи за упис на деца.

Во делот на **реализацијата на планот и програмата на воспитно образовната работа** во текот на целата година реализирав педагошко инструктивно советодавна работа со поголем дел од воспитувачите и со дел од негователскиот кадар.Овој дел од мојата работа ,се одвиваше низ писмена и усна форма, индивидуално и групно, а најчесто се реализираше по извршената проверка на педагошката документација и следење на воспитно образовните активности на воспитувачите.Во контекст на моето работење на ова поле, секој месец од учебната година изработував Месечни планови со повеќе пропратни прилози кои на воспитувачите им беа во служба на збогатување на редовните воспитно образовни активности. Овдека би ги наброила сите свои пишани трудови кои се дел од месечните планови:“Во шумската градинка””Најубавиот ден”-по повод почетокот на учебната година ,по повод одбележувањето на Светскиот ден на храната ,драмски текст “Кој што јаде”и “Шумски квиз”, по повод одбележувањето на Божик и Бадник,приказните “Приказна за Божин” и “Нераскажана Божикна приказна”.Во месечните планови се исто така содржани и сите стручни насоки за одбележување на празници, настани ,работилници со родители,свечености, приредби и сл.

**Стручната едукација на воспитно образовниот процес** ја извршував преку лична едукација –следење на нова педагошка литература, нејзина примена,проследување на педагошка литература по електронски пат (интернет), вршење на избор на детска литература за воспитно образовните групи,вршење на избор на дидактички материјали и играчки за сите групи,стручна речиси, секојдневна соработка со директорот,со секторот за образование , спорт, култура и предучилишно образование во општина Кисела Вода и посета на еден семинар за инволвирање на “Стандардите за рано учење и развој кај деца од 0 до 6

години".Освен на личната едукација преку која се збогати и освежи воспитно образовниот процес,работев и на директна едукација на кадарот преку обезбедување на литература на воспитувачите која ја разработуваа и истата ја презентираа пред активот на воспитувачи, и преку изработка на кратки лични трудови кои беа презентирани пред активите на воспитувачи и негуватели.("Детето, игрите и играчките","Да се потсетиме што сé треба да знаеме за подобрување на квалитетот на нашето работење","Детето и играта" ).
Во делот на моето , **педагошко инструктивно учество во работата на стручните органи** водев секој месец состаноци на активи на воспитувачите во сите објекти и секој трет месец активи на негователи-тие најчесто беа во активно присуство на директорот, со однапред осмислен дневен ред и записник за реализација.
На секој состанок на Стручниот совет делував на педагошко –инструктивен начин за секоја воспитно образовна активност во градинката.
Во оваа учебна година исто така организирав, со помош на директорот, **проектни активности од различен карактер**.Потточно работев , а поради обемноста сеуште работам на стручниот труд насловен "Активности со деца и за деца-"Нашите дела во оваа година цела",Тема проект",кој е резултат на годишниот проект кој се реализираше во 23 воспитни групи во учебната 2009/2010 година.Освен на овој труд, во изминатата година организирав и имплементирав во редовната воспитно образовна работа , неколку помали проектни активности, како што беа "Подарок за мама", "Децата имаат право…","Велигден"и"Мојата општина и јас во неа".Поголема проектна активност која беше иницирана и организирана од моја страна беше, "Сакам да бидам….професии", тема која се реализираше во сите мали,средни и големи групи.Исто така бев во можност да организирам бројни посети на групите на разни места и институции, и да дадам поишироки писмени инструкции за начинот на реализација како за самите активности, така и за водењето на педагошката евиденција на проектот.За презентација на проектот напишав сценарио под наслов "Кога земјата на чудата ше ја видам јас сакам да бидам….",според кое се реализираа приредби во сите објекти на установата.
Во поглед на **условите** на моето работење , сакам да ја нагласам особено добрата стручна соработка со директорот, која беше предуслов за моето работење, стручно надоградување и подигнување на нивото на воспитно образовната дејност во установата.Исто така ми беше овозможена набавка на стручна литература , а и техничка подршка на сите мои стручни побарувања.
Планираниот **глобален распоред по месеци** беше во целост реализиран ,со поголем број на дополнителни активности, ангажмани и трудови.

**-ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДЕФЕКТОЛОГОТ НА ЈДГ”8 МАРТ” НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ВО ГРАД СКОПЈЕ**

Работните задачи и обврски на дефектологот за учебната 2010/2011 година во Установата беа засновани врз основа на Правилникот за организација и систематизација на работното место и Програмата за воспитно образовна работа со деца со предучилишна возраст.

Во текот на годината своите работни задачи ги реализирав во 4 објекти и една група во други пстростовни услови, според потребите на воспитно-образовната програма и стручните соработници, а согласно со потребите на градинката.

Во групите на возраст од 3 до 7 во објектите Расадник, Пржино, Пеперутка 1 и 2 и Зеленика во текот на оваа години вклучени беа голем број на деца кои покажуваа одредени пречки во развојот манифестирајќи ги на различни полиња.
Најголем број од децата со кои работев стануваше збор за нарушена комуникација, неразвиен говор, отстапување во когнитивниот развој, хиперактивно однесување, аутизам, ментална ретардација и развјни проблеми како развојна дисфазија и дислалија.

**Работа со деца со пречки во развојот**

- Во текот на годината континуирано бев консултирана за прием на деца со пречки во развојот, при што беше реализирано интервју со родителите и детето беше опсервиранои направена првична процена на развојот.

- Следењето на децата со пречки во развојот во текот на адаптација беше една од најважните задачи, од посебна важност за стекнување на навики и прифаќање на градинката од страна на детето, а воедно и давање совети на воспитувачот, негователот и родителот за полесна адаптација.

- Децата со пречки во развојот континуирано ги следев во групата за време на слободните и насочените активности. Посебно во делот на играта и комуникацијата со децата која и самата ја насочував, водев или иницирав во групните активност со ставање на посебен акцент на детето со пречки во развојот.

Методот на разговор, игра, цртеж и демонстрација најмногу баше користен во тие моменти. Децата имаа можност слободно да играат со детето со пречки во развојот, да го подучуваат и да му даваат задачи да извршува во групата, а за цело време незабележително да биде моето присуство, само како поттикнувач на другарувањето.
Децата беа среќни, задоволни и забораваа на разликите (интелектуални, способност за игра, комуникација, моторен развој). Важна цел која се постигна со моето присуство беше: другарувањето, пријателството, развој на чувство на хуманист, помош за другарче, како и подобра атмосфера во групата.
За децата со пречки во развојот беше од посебна важност за стекнување чувство за припадност во група, ориентација во простор, стекнување за поим за себе, развој на говор, подобрување на моторниот развој, а посебно на делот на комуникација и другарување.

-Децата со пречки во развојот ги следев индивидуално и спроведов следење од дефектолошката дијагностика со користење на тестови за испитување на аутизам, развојни проблеми, развој на говор и други а со цел процена на развојниот статус.Најчесто тестовите кои ги споведував беа надополнети со информации и од секојдневното функционирање во група, со цел давање на појасна слика на развојот.Глобално од направената проценка станува збор за развојни проблеми кои кај некои деца имаат аспекти на аутистично однесување, хиперактивно однесување и се во прогноза за позитивен развој доколку се третира дефектолошки и логопедски развојниот проблем.

-Во текот на годината изработив Досиеја за следење на развојот во кој беа забележани сите развојни етапи кај децата, а со Индивидуалните планови за работа ги зацртав подрачјата на развој, кои според способностите и можностите беа реализирани кај децата.

- **Работа со воспитно-негователски кадар**

- На почетокот на годината работев на подготовки на кадарот за прием на дете со пречки во развојот, посебно внимание насочив кон периодот на адаптација, присуството на родител во групата, скратен престој.
Давав насоки и информации за развојот на децата, можноста за прифаќање на адаптација, следење и целокупен развој.

-Низ консултации давав насоки за поттикнување на развојот, на она што е позитивно кај секое дете со пречки во развојот и користење на истото како мотив за секојдневната воспитно образовцна работа со тоа дете.

- Помошта на воспитувачот и негователот за проценување на потребите на деца со пречки во развојот најчесто беше низ давање на информации, објаснувања и практични примери.

- Со воспитувачите работев на воочување на добрите особини и способности на дете со пречки во развојот според кој треба да се гради позитивен однос спрема околината и обратно.

- Заедно со дел од воспитувачите изработувме програмски активности кои беа соодветни на развојот на детето.Комуникацијата беше секојдневна и најчесто се сведуваше и на пренесување на сознанија, искуства од едукативни програми и нивна активна примена во секојдневната работа за која воспитно негователскиот кадар покажа интерес.

- На активот за воспитувачи реализирав стручно усовршување на тема "Сензомоторен развој", а заедно со педагогот и психологот предавање на тема "Играта кај предучилишнотот дете" од педагошки, психолошки и дефектолошки аспект.
-Со помош на анкетни листови кои ги пополнија воспитувачите во групите добив информации за теми кои се од нивен интерес, а со цел збогатување на теоретски и практични занаења за поттикнување на развојот кај децата.

- **Работа со родители на деца со пречки во развојот**

-При прием во градинка извршив интервју со родители на деца со пречки во развојот, а со родителите чии деца подолго време доаѓаат во градинка истото беше заведено во Досието и дополнето со информации за развојот во периодот додека ја посетува градинката.

-Во текот на адаптацијата давав насоки и помаш на родителите за толерантност додека детето стекне навики и се прилагоди на новиот простор, другарчиња, учителки, стекнување навики, усвојување на начини на однесување и друго.

- По извршеното дефектолошко испитување и индивидуална работа родителите континуирано беа информирани за развојот на детето, како и за успесите или неуспесите за учество во активностите кои се реализираат во групата.

-Воедно во текот на годината ги испитував ставовите, мислењата на родителите за процесот на инклузија во градинката, како и пријателски ги прифаќав предлозите на родителите поврзани со работа со деца со пречки во развојот пред се во насока на подобрување на општите услови на сите деца во градинката.

- **Соработка со стручниот тим и други институции**

-Соработката со стручните соработници (психологот и педагогот) одлично беше реазлирана во текот на годината со плодна работа на полето на стручното усовршување, приемот на децата, распоред по групи и збогатување на воспитно-образовната работа.
-Соработката со директорот на градинката беше постојана, следена и насочувана во правец за обезбедување на позитивна клима за прием на деца со пречки во развојот, нивен соодветен третман и грижа како и обезбедување најдобри услови за нивниот развој.
- Соработка со институции со цел за унапредување и спроведување на квалитетна програма со деца со потешкотии во развојот како што се општината Кисела Вода преку раководителот за предучилишно воспитание и раководителот за невладин сектор.
-Со Институтот за слух, говор и глас воспоставена е взаемна соработка преку мое активно учество за време на систематско следење од страна на аудиолог и логопед на децата од големите групи. Како и учество во хуманитарниот проект од 21-25.11.2010 година "Играчка за моето другарче" збогатена со претставата "Сакам, сакам" која ја драматизираа колешките од објект Пеперутка 1 и 2.

-Со заводот за Ментално здравје воспитавена е соработка за меѓусебна размена на информации за деца кои се следат во Заводот, а ја посетуваат нашата градинка. Напомената беше потребата од постоење договор за давање мислења за прием во градинка и прием на тие дечиња во соодветни групи кои ќе ги подготви градинката, но според можностите на градинката. Како предлог од моја страна за во иднина беше насочено потребата за вклучување на дефектологот во тимот за давање мислење од Заводот за вклучување во градинка, на кој не се наиде на голем интерес.
-Во текот на годината проследив предавања на стручниот тим на ЈДГ "8 Март", ЈДГ "Весели Цветови" и Медикус Хелп.

-На почетокот на учебната година изработив годишен план и програма за работа на дефектологот, водев документација за секојдневна реализација, изработував месечни извештаи,вршев тековни истражувања со цел изработка на магистерска теза која е во работна верзија.

- Во однос на стручното усовршување имав можност да учествувам на конференција "Кон живеење во заедницата- актуелни состојби идни предизвици" која се реализираше на 07-09.10.2010 година во Хотел Континентал. На истата конференција стана збор за правата на лицата со посебни потреби, новитетите, во европските земји и кај нас, како и идните предизвици кои ние треба да ги реализираме за да го подобриме животот на лицата со посебни потреби. На конференцијата присуствував заедно со воспитувач Татјана Јовановска.

-Во општина Кисела Вода на 15.02.2011 година се реализираше работилница за изработка на "Локален акционен план за поттикнување на правата на лицата со посебни потреби во општина Кисела Вода" организирано од ОКВ и невладина организација Шпреса. Лично дадов допринос во однос на кроење на планот за инклузија во предучилишните установи на ниво на општината и залагања за во иднина. На работилницата присуствуваа воспитувач Татјана Јовановска и Ангелина Стефановска. Втората средба беше усвојувањето на предлог акциониот план на кој заедно со директорката, педагогот и колешките воспитувачи и претставници од ОУ на ОКВ дадовме посебен допринос.

-Учество на симпозиум "Рана интервенција и развојни пореметувања" кој се реализираше од 19-21 во Охрид, а моето учество го искористив за воспоставување на контакти со здружение на педијатри на Македонија, Детска клиника, стручни тимови на детските градинки во град Скопје а посебно да се стекнам со нови знаења кои се од посебна важност за работа со деца од 0-6 години.

- Во текот на месец  Септември и Октомври реализирав воспитно образовна работа  во втора мала 2 група во објект Пеперутка 2.

Во текот на 2010/2011 година јас како дефектолог во ЈДГ "8 Март " имав можност да бидам во тек со новитетите во предучилишното воспитание како и активен учесник во инклузијата на децата со пречки во развојот во детската градинка и градење на здрава средина за сите.

Оваа година имав можност да се здобијам  со поголема информираност и следењето на новите тековни настани во земјата и светот на полето на инвалидноста, со посебен акцент на раната детска возраст. Можноста за помош на семејствата со олеснување за подобро вклучување во секојдневните активности во градинката кои ќе ја имаат една од главните улоги во рехабилитацијата и третманот на децата со пречки во развојот.

**-ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ПСИХОЛОГОТ НА ЈДГ"8 МАРТ" НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ВО ГРАД СКОПЈЕ**

Работата на психологот согласно со потребите на Установата е составен и функционален дел за целосна стручна грижа и помош и правилен психофизички развој на децата од предшколска возраст.

Работните обврски и задачи на психологот во Установата се засновани врз основа на Правилникот за организација и систематизација на работно место и Програмата за воспитно образовна работа со деца од предшколска возраст. Според Програмата за работа на ЈДГ "8 Март" моите активности ги реализирав континуирано во текот на целата година според неделниот распоред по објекти.

Во ЈДГ "8 Март" во учебната 2010 /2011 воспитно згрижувачката дејност се реализираше во 37 групи и тоа во 29 групи градинка и 8 групи јаслена возраст во 4 објекти според неделен распоред:

- пон. – објект "Расадник"
- вто. – објект "Пржино"
- сре. – објект "Расадник"
- чет. – објект "Пеперутка 1"
- пет. – објект "Пеперутка 2".

Во текот на целата година моите активности беа реализирани во следниве области.

1.**Учество во планирање, програмирање, следење на воспитно образовната работа**

-Увид во структуирањето на воспитните групи според возраста

-Ја следев реализацијата на планот за работа во воспитните групи со истовремено давање идеи и насоки за негово поуспешно реализирање

-Перманентна позитивна соработка со воспитно – згрижувачкиот персонал што придонесе да се надминат некои потешкотии во работата со деца од одредена возраст

-Постојана размена на информации со воспитно згрижувачкиот персонал за групата во целост како и за одредени деца кои покажуваа отстапуване во однесувањето.

-Давање насоки за избор на нови содржини и форми за работа значајни за развојот на децата( примена на разни видови игри, секојдневни практични вежби, психолошки работилници и др.)

**2. Непосредна работа со деца и следење на психофизичкиот развој.**

- Следење на процесот на периодот на адаптација на ново примените деца (период кој е многу важен сегмент за позитивна сепарација како и за понатамошна социјализација и комуникација а кој е временски различен кај децата и зависи од многу предуслови. Овој период колку ќе трае зависи од самото дете ,од подготовката од страна на родителите како и соработката на воспитувачите со родителите.

Кај некои деца и во текот на целата година се забележуваше не целосна адаптираност и потешкотии во комуникацијата .

-Сите форми и содржини на работа беа реализирани групно или индивидуално со целосна одмереност и доследност и секогаш ги почитував потребите,желбите, интересот, и расположението кај децата во корелација со нивната возраст.

-Преку разни форми (видови игри, техники на ликовно изразување, разговор, работилници со одредена тема) настојував да ја поттикнам најпрво слободата во нивното изразување, нивната љубопитност и на тој начин го следев во одредени фази психофизичкиот развој на детето во зависност од возраста.

-Ја следев атмосверата во занималната, комуникацијата меѓу децата и меѓу децата и воспитувачот, како, каде и со што игра, како ги изразува своите емоции, вниманието енергијата и однесувањето.

-Во зависност од возраста кај децата организирав психолошки работилници со различни теми (многу интересни за децата затоа што се природни и спонтани разговори од секојдневното детско растење.

**Некои од нив се: "од што се плашам", "што сакам да бидам", "моите желби", "тоа сум јас и моето семејство", "јас сум женско или машко", "кога ќе пораснам ќе бидам", "каде сакам да патувам", "кога грешам каков сум" и др.**

Сите овие игри низ разговор и цртеж овозможуваат кај децата да се поттикнат да чувствуваат радост во заеднички игри,да ги изразуваат своите емоции,да ја поттикнуваат детската

фантазија ,да учат и да бидат активни слушатели, развиваат сочувствување со другарчињата, да ја поттикнуваат самоконтролата и многу други аспекти од детскиот развој

-Со следење на негативното однесување кај одреден број на деца истовремено се бараше потреба од взаемна соработка со родителите и стручниот тим во Установата . Преку разговор со воспитно згрижувачкиот персонал се наоѓаа начини да се надминат овие проблеми, децата да научат да комуницираат меѓу себе без агресивност и да стекнат доверба во возрасните.

-Следењата на децата кои ги правев непосредно за време на активностите во групата каде присуствував беа во корелација со бараната и очекуваната пропишани во Стандардите за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години возраст кој е одобрен документ од страна на МТСП на Р. Македонија.

-Редовно следење на децата со посебни потреби посочување на игровни активности кои го поттикнуваат нивниот развој и ја олеснуваат комуникацијата со другите деца.

**3. Планирани содржини и облици на работа.**

-Взаемна соработка со родители преку индивидуални разговори( реализирани средби некои и по мое барање или од укажување од страна на воспитувачот)

-Советодавна инструктивна работа со родителите за одредени проблеми поврзани со психофизичкиот развој на детето како и нивни податоци важни за нивниот развој.

-Разговор со родители чии деца имаат посебни потреби, и во соработка со (директор, педагог, дефектолог) надминавме многу проблеми

-Учествував во работата на Стручниот совет на Установата

-соработував и учествував во организирање на разни манифестации, приредби и предавања на одредени теми реализирани во објектите на ЈДГ

-Во рамките на Стручното усовршување на кадарот успешно беше реализирано моето теоретско предавање на тема :психосексуалниот развој кај децата од предшколска возраст.

На мое големо задоволство во сите објекти беше позитивно прифатено и низ разговор и искуства беа согледани многу сегменти за оваа проблематика кај децата.

-Во соработка со педагогот и дефектологот на установата учествував во работата на стручните тела и активи.

-Заеднички во сите објекти беше реализирано предавање на тема играта кај децата од различни аспекти (психолошки, педагошки ,дефектолошки) .

-Повремено мојата работа ја реализирав на активности во групи каде што воспитувачот беше оправдано отсутен од работа .

**4. Стручно усовршување и документација.**

-Следев стручна литература од областа на психологијата, теоретска разработка на некои актуелни теми

-Водев дневник за сопствена работа ,психолошко досие за одреден број деца.

-Изготвив годишен извештај и годишна програма на крајот од годината

-Забелешки цртежи,разговори и сите информации добиени од децата се забележани

Овој изминат период богат со многу мои активности, нови искуства и знаења беше реализиран со голема доверба од Директорот на Установата професионална соработка со стручниот тим и взаемна тимска работа со воспитно згрижувачкиот персонал.

Мојата работа ми дава голем мотив и голема верба за поголема ангажираност во професионалното работење како психолог во установата, а сите мои нови искуства и знаења ќе ги применувам со голема љубов во работата со деца.

## 9.2 Совет на воспитувачи

Советот на воспитно - образовниот кадар дејствуваше во две насоки:

- усовршување на дејноста на градинката и
- стручно усовршување на членовите на Советот.

Состаноците ги одржуваше еднаш во месецот – по објекти, а по потреба одржуваше групни и индивидуални - консултативни средби.

Стручното усовршување на кадарот се реализираше преку следните форми:

- консултации и разработка на стручна литература;
- теоретски предавања според однапред избрани теми;
- психолошки работилници;
- следење и анализирање на резултатите од работата;
- меѓусебна размена на искуства;
- учество во стручни форми на усовршување вон градинката;
- практично решавање на одредени ситуации;
-информирање за актуелни прашања и разгледување на современи стручно - научни трендови од областа на педагогијата , психологијата и дефектологијата;
-иновирање на дејноста.

Главни полиња на разработка на Активот беа:
- усовршување на непосредната работа со децата;
- евалуација и самовреднување;
- решавање на практични ситуации во рамките на Активот;
- развој на програмата за работа со децата;
- јакнење на самодовербата, меѓусебната доверба и толеранција;
- учење стратегии за надминување на актуелните стресни ситуации.

Претставници од Советот на воспитувачи беа присутни на јавните приредби организирани по повод патроните празници на неколку градинки, а своите импресии, запазувања и искуства ги споделија со останатите членови на Советот на воспитувачи.

Целокупно земено, Советот на воспитувачи преку својата работа допринесе за унапредување на дејноста на градинката, воведување на иновативни елементи и успешна соработка како на интерно ниво, така и со надворешни лица, установи и институции.

### 9.3 Совет на негователки

Во текот на 2010/2011 година Стручниот совет на установата активно ги реализираше активностите со :

- Советот на воспитувачи; и
- Советот на негователки;

Како и досега тој максимално се посвети на: стручно усовршување на членовите на Советот, унапредување на непосредната работа со децата, како и нивно ангажирање и вклучување во изборот, работата и содржината на она што тематски ќе се испланира.

Според новите законски прописи преставници од негователскиот кадар од секој објект станаа активни членови на Стручниот совет.

Негователките на секој состанок беа доследно информирани за сите позначајни и актуелни настани и новини во педагошката теорија и практика и беа редовно вклучувани во сите воспитно - образовни активности во градинката. Посебно е значајна вклученоста на поголем број од нив во програмата "Чекор по чекор" и во реализацијата на тематското планирање,неговото евидентирање, за што беше реализирана континуирана едукација.

Едукацијата за различни аспекти на воспитно - образовниот процес се реализираше и преку интерни средби и состаноци со педагогот, дефектологот и психологот и останатите членови на стручната служба во рамките на градинката.

Поголем акцент во работата се обрна на месечното и дневното планирање на попладневните активности.Поконкретно, секоја негователка во зависност од возраста на својата група , од педагогот доби шематски и писмен опис на реализација на нивните планирања.Со ова и негователскиот кадар континуирано ќе ја води својата педагошка документација со постојана советодавна работа на педагогот.

Стручното усовршување на интерно ниво се реализираше преку стручна разработка на актуелни теми, психолошки работилници и практично решавање на одредени ситуации.

Во рамките на редовните и планирани стручни теми кои беа разработени, членовите на Советот и оваа година се информираа за начините на тематско планирање,

вклучувањето на децата во тој процес, неговата реализација - посебно за работата по катчињата на активност, индивидуална работа и сл.

Соработката меѓу членовите на Советот како и меѓу нив и воспитниот кадар овозможи позитивна размена на искуства по однос на сите иновативни процеси што позитивно се одрази врз реализацијата на воспитно - образовната дејност.

## 10. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ И ВОСПИТНО-ЗГРИЖУВАЧКИОТ КАДАР

Стручната дејност во градинката континуирано се развиваше во текот на 2010/2011 година како продолжение на долгогодишната работа на тоа поле. Унапредувањето на дејноста успешно се рефлектираше во практиката, резултирано од стручното работење на соодветниот кадар во градинката, поединечно и преку стручните тела. За таа цел во ЈДГ функционираат следните стручни тела: Стручен Совет, Совет на воспитувачи и Совет на негователи.

Покрај анализата за примена на различни новини и резултати од работата со децата, Стручните совети теоретски разработуваа: одредени теми, стручна литература и периодика, сознанија од посетени семинари, трибини и сл. што се наведени во извештајот.

Членовите на Стручните совети беа редовно информирани за новините во педагошката и психолошката теорија и практика, изнесени на семинари, симпозиуми и слични средби.

Оваа година, како и до сега, членовите на Стручните совети одлучија да се спроведе опсервација на децата, за секоја група посебно, за што вработените ги разменија своите искуства на состаноците.

Како резултат на позитивното стручно - педагошко и воспитно - образовно работење добиени се повеќе дипломи и признанија . за учество во јавни и културни манифестации на градско, републичко и меѓународно ниво.

Голема потврда за успешното работење на установата, особено од делот кој го насочува, координира и непосредно работи со кадарот е добивањето на звањето**”успешен педагошки работник на годината на општина Кисела Вода”** наменето за воспитувачот Г.ѓа Бранка Ѓорѓиевска од објектот “Расадник” кој има 40 годишен стаж и кој се карактеризира со сите можни позитивни особини кои може да го карактеризираат еден долгогодишен искусен воспитувач на установата .

Позитивното работење на Стручните совети се одрази позитивно и врз реализацијата на непосредната воспитно - образовна работа со децата.

Дејноста на Стручните совети и стручното усовршување на нивните членови се реализираше според однапред усвоен годишен план со програмски роковник за наведените активности.

Стручното усовршување на кадарот се реализираше преку следните форми:

- консултација и разработка на стручна литература;
- теоретски предавања според однапред избрани теми;
- следење и анализирање на резултатите од работата;
- меѓусебна размена на искуства;
- учество во стручни форми на усовршување вон градинката;
- практично решавање на одредени ситуации;
- психолошки работилници;
- информирање за актуелни прашања и разгледување на современи стручно - научни трендови од областа на педагогијата и психологијата;
- иновирање на дејноста.

Главни полиња на делување беа:

- усовршување на непосредната работа со децата;

- евалуацијата и самовреднувањето, планирањето и реализирањето на индивидуалната работа и развој на програмата за работа;
- начинот на едукација на родителите и соработка со нив разработени низ наведените теми.

**Во тој контекст беа разработени следните теми за стручно усовршување:**

- Презентација на тема “Детето, игрите и играчките”- од педагогот на установата;
- Презентација на тема “Здрава храна”- предавач Цвета Динева;
- Презентација на тема “Карактеристики на психосексуалниот развиток кај децата од предучилишна возрасучилишна возраст”- од психологот на установата;
- Презентација “Детски конфликти” – ЛинкАкрост;
- Презентација”Да се потсетиме што сé треба да знаеме за подобрување на квалитетот на нашето работење”- од педагогот на установата;
- Презентација на тема”Креативно водење во градинка и училиште”- воспитувач Мирјана Китановска
- Презентација на тема”Детето и играта”- од педагогот, психологот и дефектологот;

Освен наведените теми и предавачи кои ЈДГ “8 Март” ги ангажираше за потребите на стручното усовршување на својот стручен кадар, во текот на изминатата година поголем дел од воспитувачите имаа можност да проследат и стручни предавања, работилници и презентации на проекти на покана од други детски градинки.

Практичните форми на стручно усовршување претставуваат продолжение од предходната година и се во функција на развој на проектните активности и нивната реализација.

Изнесувајќи различни дилеми околу проектните активности, во рамките на Советите се одредуваат теми за проекти, се разработуваа на елементи и се формулираа развојни задачи, после што се дискутираше по однос на истото.

Целта на овој вид стручно усовршување беше унапредување, иновирање и освежување на програмата “Чекор по чекор”, односно повеќе нејзини аспекти:

- интегралниот приод на повеќе воспитно - образовни подрачја;
- начините на мотивација на децата за работа по катчиња;
- работата по катчиња на активности;
- стекнување сознанија со непосредни контакти и посети;
- реализацијата на индивидуалната работа;
- текот на воспитно - образовната работа во текот на еден ден.

Наведените активности, како и други од тој вид, континуирано се спроведуваа во практиката како нови сознанија и се аплицираа нивните резултати со тенденција на усовршување.

## 11. СОЦИЈАЛНА ДЕЈНОСТ

ЈДГ”8 Март” на општина Кисела Вода во град Скопје е установа која во свои рамки опфаќа деца на возраст од 9 месечна до 5.8 годишна возраст.

Согласно Законот за заштита на децата, меѓу другото се пропишани сите категории на деца кои освен редовните сме должни како установа да ги прифаќаме во наши рамки. Во продолжение на текстот го презентираме бројот на деца поделени по различни социјални категории:

### 11.1 Деца со посебни потреби

Во установата под основ –деца со посебни потреби – кои со приложена документација од страна на родителите е евидентирано во педагошката служба и во групата каде што припаѓа има опфатено едно (1) дете, додека пак детектирани но непокриени со документација од родителите имаме опфатени три(3) деца.

## 12.РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ НА ДИРЕКТОРОТ И ДРУГИТЕ СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

### 12.1. Реализација на програмата на директорот на градинката

Директорот како индивидуален работоводен орган на ЈДГ, својата работа во текот на изминатата година ја засноваше согласно законските одредби како и нормативните акти на ЈДГ, а во непосредна соработка со Министерството за труд и социјална политика на РМ, општината Кисела Вода како и со други стручни институции, воспитно - образовни асоцијации, стручни лица кои повремено и по укажана потреба беа консултирани.

Во својата работа директорот беше главен водач, организатор и координатор на целокупната работа во ЈДГ.Конкретно за изминатава 2010/2011год. директорот на установата ги има реализирано, организирано, поттикнато, насочено и презентирано следниве активности:

1. Активно учествуваше, директно се инволвираше и практично делуваше во насока на содржинско осмислување на годишната програма за работа како и на сите други придружни планови на стручните тела и стручните работници во рамките на установата;
2. Активно учествуваше во изработката на предлог финансовиот план за работа(Буџет за 2010/2011г) со давање на конкретни и издржани предлози во која насока да се инвестират и насочуваат расположливите сретства на установата;
3. Даде огромен придонес вложувајќи посебно напори за дополнително обезбедување на средства како преку МТСП на Р. Македонија така и преку општина Кисела Вода;
4. Целосно се посвети на организирање и координирање на воспитно образовната работа по групите, давајќи при тоа предност во ангажирањето на педагогот и стручните соработници сé со цел да се добие и постигне максимално добра организираност и ефикасност во работата;
5. Перманентно вршеше посети на воспитните групи комуницирајќи и соработувајќи непосредно и блиско со вработените при тоа навремено согледувајќи ги и решавајќи ги сите новонастанати состојби;
6. Перманентно вршеше посети на објектите, при тоа непосредно комуницираше со сите структури на кадарот и на лице место или со најкусо можно одложено делување ги решаваше сите спорни или проблематични состојби;
7. Перманентно водеше сметка и вложуваше голема енергија и напор за оддржување на една добра, пзитивна, спокојна и сигурна атмосвера за работа, без при тоа истата да биде нарушена од било какви наворешни влијанија или проблем.Секогаш во постигнувањето на ова цел се раководеше од мислата дека вработените кои работат со и околу децата секогаш треба да бидат спокојни, стабилни и невознемирени, а тој – директорот беше бариерата која успешно успеваше тоа да го постигне.
8. Остваруваше задолжителни разговори, консултации, советувања со работниците со цел да се подобрат констатираните недостатоци, а да се унапредува дејноста, иницираше , координираше, насочуваше и ги следеше активностите во врска со интензивирање на воспитната функција на градинката и нејзината актуелност;
9. Активно и непоштедно се ангажираше во насока на афирмирање и презентирање на работата на установата пред надворешната јавност давајќи придонес кон создавање белег за установата како пример за добро, успешно и одговорно работење;
10. Активно учество даде во одбирањето и осмислувањето на стручните предавања за вработените со цел истите подобро да се едуцираат и да се во тек со сите промени во практиката. Воспостави една успешна нишка на демократичност и отвореност во работењето со кое вработените имаат можност да се почувствуваат не само како извршители, туку пред сé како креатори и творци(осмислувачи) на своето работење;

11. Покажа особено добра подготвеност, ангажман и сериозен пристап кон реализацијата на годишниот проект “Професии- што сакам да бидам”, при тоа испочитувајќи ги сите инстанци кои заслужуваа место да бидат дел од ова случување;
12. Во текот на годината во секое време овоможуваше прием на родители кои од најразлични побуди и потреби има потреба од разговор и консултација и при тоа во 100% разговорите завршуваа со коректна разделба, убаво упатени и разменети совети и сл. ;
13. Во секое време покажуваше подготвеност за соработка како со општината, основните училишта така и со другата градинка која работи на територија на општина Кисела Вода;
14. Индивидуално работеше на сопственото педагошко - психолошко стручно усовршување и учество на советувања, семинари и други стручни средби;
15. Даваше неопходна помош во организирањето и реализирањето на активностите од страна на негувателките и воспитувачите, запознавање со педагошката документација и давање насоки за нејзино правилно водење и континуирано следење на нивната стручна работа
16. Во текот на годината еднаш месечно ,а понекогаш и по потреба –интерветно, организираше реализација на Стручниот совет на градинката, ја следеше, насочуваше, поттикнуваше и координираше работата во установата –глобално;
17. Перманентно во текот на годината со постојана консултација и мислење од страна на стручниот совет ги разјаснуваше,решаваше и координираше настанатите проблем околу реализацијата на работата во групата во други просторни услови – Зеленика,општина Зелениково.Во моментот на подготовка на Годишниот извештај ниту МТСП на РМ ниту општина Зелениково немаат понудени конкретни чекори за разрешување на настанатата состојба;
18. Ја следеше и даваше стручна помош на одговорните воспитувачи со група во сите објекти;
19. Работеше активно при изготвување на анализи, извештаи, информации и други податоци во врска со реализирањето на Програмата за воспитно - образовна дејност во предучилишното воспитание и образование;
20. Ја координираше целокупната дејност ,трудејќи се и обезбедувајќи соодветни услови и материјали за спроведување на активности од програмата “Чекор по чекор”;
21. Перманентно вршеше увид врз финансиското, материјалното и административното работење консултирајќи се навреме со правната служба и со останатите во административниот дел при тоа давајќи соодветни насоки за реализација за понатаму;
22. Перманентно иницираше и спроведуваше аналитики од најразличен тип со цел да се следат состојбите во установата пореално и понавремено;
23. Активно учествуваше во подготвувањето на листата за јадење и набавувањето на храна според нормативите предвидени од Заводот за економика и домаќинство на РМ;
24. Присуствуваше на сите седници на Управниот одбор, го информираше за состојбите, целокупната работа во ЈДГ и настојуваше да се реализираат донесените одлуки и заклучоци;
25. Ангажирање за дисциплина и одговорност на вработените за поуспешно извршување на работните задачи, за успешно, економично и рационално работење;
26. Имаше соработка со родителите вклучувајќи ги во органите на управување на ЈДГ, насочување за застапување на најадекватните форми на соработка, а исто така се организираше советодавна дејност за вклучување на родителите во одделни активности во градинката, заради подобрување на условите за работа;
27. Директорот се залагаше за подобрување на општите услови за работа, просторно опремување, тековно одржување, дополнување и обновување на дидактички и основни средства за успешно изведување на воспитно - образовниот процес и целокупниот живот на детето во градинката;
28. Организираше соработка со Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија, општината Кисела Вода, Бирото за развој на образованието на РМ, Министерството за образование на Р.М , како и со многу стручни институции од посебен интерес за процесот на предучилишното воспитание и образование;

29. Даваше активен и несебичен придонес од креативен и советодавен аспект при организацијата на многубројни активности кои установата ги реализираше како домаќин како на ниво на организација така и на ниво на ОКВ и пошироко;
30. Вршеше и други пропратни работи кои произлегуваа со текот на работата ,а беа во доменот на работата на директорот.

### 12.2.Реализација на работа на неговарелка - музичар

Оваа година лицето кое ги изведуваше активностите по музичко воспитување, со оглед на обемот на работа и реализација на активности во сите објекти најголемиот дел од времето го посветуваше на нив, а доколку се укажеше потреба од негователка во група истото лице ускокнуваше на тие места.

Музичарот зема учество и подготовката и реализацијата на:

- кукленките преставии, земајќи дел во музичките илустрации на текстовите соодветно на содржината на истите.
- Музички материал за приредби и по повод патрониот празник;

Музичките активности се реализираа во главно со пијано и детски музички инструменти.

Музичките активности од 01.09.2010 година се реализираат по следниов распоред:
-2 дена во неделата во објект “Пеперутка 1” и “Пеперутка 2”;
-2 дена во неделата во објект “Расадник” и
-1 ден во неделата во објект “Пржино”.

Активностите по музичко воспитување во групата во други просторни услови “Зеленика” –општина Зелениково се реализираа со подготвени материјали кои музичарот(неговател) ги испраќаше периодично.Воедно околу споменатите активности голем ангажман покажа и воспитувачот кој ја води оваа група.

Музичарот постојано вршеше избор на детски песни врзани за тематското планирање, и истите ги обработуваше со групите.

Во однос на сопственото стручно усовршување, музичарот присуствуваше на сите стручни предавања и советувања на Советот на воспитувачи, како и редовните неделни консултации на посебните Активи на воспитувачи.

## 13.ФИНАНСОВА И ТЕКОВНА ПОЛИТИКА НА УСТАНОВАТА

ЈДГ ”8 Март” на општина Кисела Вода во град Скопје, во врска со финансовата и тековна политика на работа во текот на изминатата 2010/2011 година се состоеше од неколку сегменти и тоа:

- **Финасова и тековна политика во насока на обезбедување на редовна и квалитетна исхрана за децата кои ги згрижуваме;**

Установата во текот на целата година големо внимание посветува на реализацијата на текот и постапката на прибирање средства од родителите кои по пат на уплатници треба да ги подмируваат обврските за престој на нивните деца.Како и минатата година, така и оваа продолжија проблемите од аспект на нередовно плаќање на обврските кон установата.

Од тие причини, уште во месец Мај на седница на Стручен Совет се постави прашањето и воопшто иницијативата околу изнаоѓање на начин за наплата на долговите.Имено, во месец Јуни на влезовите на установата беа истакнати известувања до родителите дека во период од 15.08.2011г. до 15.09.2011г. ќе се

пристапи кон обновување на договорите кои родителите за услугата која ја користат од наша страна ги потпишуваат со нас и дека единствен услов за потпишување на нов договор е сите уплатници наназад да бидат целосно подмирени.
Во овој период, кога веќе се приврпшува изработката на годишниот извештај, може да се потврди фактот дека има ефекти од постапката на обновување на договорите и дека родителите во голем процент ги подмирија договорите.
За оние деца за кои до 15.09.2010г. нема да бидат подмирени долговите, установата има право, и истото ќе го искористи, да не го продолжи договорот со родителите, а на нивно место ќе бидат повикани деца кои се на листа на чекање за упис во градинка.
Навременото обезбедување на овие средства е непосредно врзано со задоволување на потребата за квалитетна исхрана на децата за што сметаме дека е на едно високо ниво.
Покрај големата општа криза во чии рамки функционира установата, во целиот изминат период бројот на оброците кои дневно им се дава на децата не се намали, што значи и во иднина децата ќе добиваат: појадок, прва-овошна ужинка, главен оброк и втора ужинка.
За почетокот на оваа учебна година, како и минатата за децата во чест на 1.ви септември и празникот 8.Септември беше обезбедено дополнително почастување што секако дека за нив е голема радост и задоволство.
Постојано сме во комуникација со институции чија што работа е непосредно врзана со добрата и квалитетна исхрана на децата што секако дека нѝ дава голема помош во насока на тоа да можеме да се одлучиме што е тоа најдоброто и најквалитетното кое би го понудиле на нашите деца.
Установата во целост во текот на годината одвојуваше доволно средства со цел да обезбеди редовна и квалитетна исхрана за децата;

- **Финансова и тековна политика во насока на тековно-инвестиционо одржување на објектите;**

Појдовно од два основни предуслови:

- Скратен буџет на наменската сметка “903” ;
- Ограничена можност за инвестирање заради преголемата оптовареност на буџетската самофинансирачка сметка “787”; и
- Енормно ниската цена за престој на деца во градинка ,

установата во текот на целата измината година благодарение на добрата организација на работа, чувството на добро и планирано менаџирање со скромните расположливи средства, успеа да направи и спроведе најголем дел од планираните јавни набавки кои во продолжение ќе бидат презентирани:

1. Целосно варосување на објектот “Пеперутка 1”(постапката е спроведена но изведувањето на работите се одложени за месец Октомври од причина што нѝ е најавена поголема инвестициона активност од страна на Министерство за економија со средства обезбедени преку Светска Банка, која додека не биде завршена ќе нема процтор зааувањето)
2. Преуредување на канцеларии во административе дел, кабинет за воспитувачи и негователи и канцеларија за останат кадар;
3. Опремување со видео и нформатичка опрема(компјутери, камери ЛЦД прожектор );
4. Опремување на компјутерска работ);
5. Опремување на компјутерска работилница
6. Варосување на централната кујна во објект”Расадник”
7. Варосување на административниот дел во објект”Расадник”, како и простории во група во други просорни услови “Зеленика” општина Зелениково;
8. Тековно одржување на објектите од страна на нашиот хаус мајстор со сукцесивни набавки на други материјали во текот на годината;

- **Финансова  и тековна политика по однос на создавање на добри и квалитетни услови за престој во градинката;**

Установата и ова година  посвети големо внимание кон создавање на подобри услови за престој на децата но и за работа на вработените. Особено се обрна внимание кон :

1. Опремување на кујните со потребна опрема – ситен инентар;
2. Опремување на занималните со играчки и други нагледни сресва;
3. Делумна  замена на старата постелнина и душеци со нови;
4. Опремување на администрација со нови персонални компјутери, како и штампач и уште еден нов лап -топ;
5. Редовно сервисирање и одржување на службените возила;

## 14. МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ

Материјалните трошоци на установата  се потреби кои се јавуваат во секојдневното работење и кои се трудиме максимално да ги задоволуваме, се разбира во рамките на потребното и реалното.

Имено, во рамките на материјалните трошоци кои установата мошне ревносно, редовно и без никакво доцнење, како и за сé друго, го подмирува по однос на добавувчите  во текот на годинава се појавуваат следниве:

1. Набавка на средства за хигиена;
2. Набавка на канцелариски материјали;
3. Набавка на други материјали;
4. Набавка на ситен инвентар;
5. Набавка на медицински материјал;
6. Набавка на комунални трошоци (струја ,вода,ѓубретарина, телефон)
7. Набавка на бензин и уље;
8. Набавка на одржување на возилата;
9. Набавка на осигурување на зградите;
10. Набавка на опрема;
11. Набавка на климатизери;
12. Набавка на обувки и униформи;
13. Набавка на регистрација на возила;
14. Набавка на сервисирање и одржување на возила
15. Набавка на храна;
16. Набавка на санитарни прегледи;
17. Набавка на  изработка на проекти;
18. Набавка на информатичка и видео опрема;
19. Набавка на кујнска опрема;